РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02 - 6687/1
24 - 06 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА*
# *ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА*
## *за 2019 година*

*Скопје, јуни 2020*

*Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 275/19), Јавното претпријатие за државни патишта доставува годишен Извештај за своето работење за претходната година до Владата на Република Северна Македонија*

СОДРЖИНА:

I. ВОВЕД....4

II. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ЈПДП....6

III. ОРГАНОГРАМ НА ЈПДП....16

IV. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА....20

V. ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ....20

VI. ИНВЕСТИЦИИ....45

VII. ЈАВНИ НАБАВКИ....71

# I. ВОВЕД

Јавното Претпријатие за државни патишта (во натамошниот текст: ЈПДП) е основано на 03.01.2013 со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија, објавена во Службен Весник на РМ бр.1 од 02.01.2013 година. Претпријатието е запишано во Централен Регистар на РМ со ЕМБС 6839673 и е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Основна цел и дејност на ЈП за државни патишта е планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на патиштата и управување со државните патишта. Со тоа ЈП за државни паришта останува двигател на патната инфраструктура во Република Северна Македонија.

Надлежности на ЈПДП се:

1. Управување со државните патишта;
2. Постојано следење и контролирање на состојбите на државните патишта;
3. Преземање мерки за рационално користење на средствата наменети за државните патишта;
4. Вршење инвестициски работи од обласста на државните патишта;
5. Наплата на надоместоците за користење на јавните патишта;
6. Задолжувања кај домашни и странски финансиски институции;
7. Организирање на изработка на студии и проекти за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување, заштита и наплата на патарина со право нив да ги отстапува на физички и правни лица во согласност со закон;
8. Давање на вршење работи за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на државните патишта на правни лица во согласност со Закон;

9. Предлагање одлука за започнување на постапка за давање концесија и/или други видови на јавно – приватно партнерство;

10. Издавање одобренија, одобрувања и мислења во согласност со Законот за јавните патишта;

11. Организирање активности што се поврзани со вршење на броење на сообраќај, заштита на државните патишта, катастар на државните патишта и формирање на неопходни бази на податоци;

12. Применување и користење на систем за управување со одржувањето на коловозите (PMS) и систем на управување со одржувањето на мостовите (BMS);

13. Подршка за изградба, реконструкција и рехабилитација на патишта кои не се државни патишта, врз основа на обврски произлезени од закон.

Финансиските средства кои ЈПДП ги користи за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта, согласно Законот за јавни патишта се обезбедуваат од:

1. Дел од акцизата од деривати од нафта;

2. Надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);

3. Надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);

4. Надоместок за:

   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,

   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,

   в) поставување инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,

г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,

д) прекумерно користење на државен пат,

ѓ) вонреден превоз на државен пат и

е) штета сторена на патот и објектите на патот;

5. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија;
6. Заеми и кредити и
7. Други приходи

Извештајот за работењето го опфаќа целокупното работење на Јавното претпријатие за државни патишта за 2019 година, работењето на органите на управување на ЈПДП, работењето на внатрешната ревизија, остварените финансиски резултати за 2019 година, инвестициите во проекти во патната инфраструктура во 2019 година и реализацијата на годишната програма за 2019 година, како и Јавните набавки остварени во 2019 година, во согласност со надлежностите на Јавното претпријатие за државни патишта утврдени во Законот за јавни патишта и Статутот на ЈП за државни патишта.

Согласно Законот за јавни патишта, Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2019 година, е донесена од Управниот Одбор на ЈПДП и за неа е добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

## II. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ЈПДП:

Органи на управување на Јавното претпријатие за државни патишта се:

- Управен одбор,
- Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиско работење,
- Директор

## 1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Во текот на 2019 година беа одржани 17 седници на Управен одбор.

На седниците на Управниот одбор беа донесени следните поважни акти и одлуки во врска со работењето на ЈПДП:

- Одлука за усвојување и донесување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на ЈПДП.
- Годишен план за јавни набавки за 2019 година на ЈПДП
- Одлука за усвојување и донесување на Програмата за одржување и заштита на државните патишта за 2019 година.
- Одлука за распределба на средства за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици за 2019 година.
- Одлука за висината на благајнички максимум и плаќање во готово за 2019 година.
- Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПДП за 2019 година.
- Одлука за одлучување по Барање за финансиска помош за лекување во странство од Сања Чавдарова.
- Одлука за давање согласност за отстапување на трајно користење на патнички моторни возила на ЈП македонијапат
- Одлука за донација на старо железо и алуминиум
- Одлука за усвојување на Извештај за попис на основни средства и ситен инвентар за 2018 година.
- Одлука за отпис – расходување на основни средства за 2018 година.
- Одлука за отпис – расходување на ситен инвентар за 2018 година.

- Одлука за усвојување на Извештајот за попис на состојба на салдата на паричните средства, побарувањата, обврските и материјалното работење на ЈПДП за 2018 година.
- Одлука по одлучување за донација од фамилија Најдовски
- Одлука за усвојување на поднесена оставка од функцијата Претседател на УО поднесена од Тања Томиќ
- Одлука за Председател на УО на ЈПДП се избира Љупка Цикарска.
- Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈПДП за периодот октомври - декември 2018 година.
- Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2018 година.
- Одлука за одобрување на учество на ЈПДП во меѓународно истражувачки проект со наслов Примена на ПМБ во носечките асфалтни слоеви на коловозната конструкција кај патиштата со тешко сообраќајно оптоварување и автопатиштата.
- Одлука за употреба на средства остварени со работењето на ЈПДП за 2018 година.
- Одлука за одлучување по жалба од работникот Садат Ибраимовски бр.10-1622/6 од 1.4.2019 година.
- Одлука за прилагодување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на ЈПДП со Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр.24/19)
- Годишниот план за јавни набавки за 2019 година, Прилагодување на Годишниот план за јавните набавки за 2019 година на ЈПДП согласно новиот закон за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр.24/19 од 1.2.2019 година)
- Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈПДП за периодот јануари - март 2019 година.

- Одлука за усвојување на Предлогот на Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина)
- Одлука за отпочнување на постапка за задолжување со државна гаранција за финансирање на изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарина долж коридорот 8 и на автопатот Миладиновци - Штип
- Одлука за одлучување по Барање за донација од СОС Детско село – Цеце Николова бр.05-4885/1 од 25.4.2019 година.
- Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на подружница на ЈПДП
- Одлука за донација на дрвна маса
- Одлука за донација на компјутерска опрема
- Одлука за одлучување по Барање за еднократна парична помош од Фуад Ајдар
- Одлука за спонзорство бр.02-6168/8 од 7.5.2019 година
- Заклучок за укажување на стручни служби на ЈПДП да достават Информација до Влада на РСМ по однос на можноста за времено ослободување од плаќање патарина на НС Гевгелија на жителите на општина Гевгелија и општина Валандово, се до комплетно завршување на рехабилитацијата на Р1102 делница Смоквица – Прдејци.
- Одлука за утврдување на вишок на средства на дел од акумулираната добивка на ЈПДП и уплата во Буџетот на РСМ
- Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на ЈПДП 2018 година.
- Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈПДП за периодот Април - Јуни 2019 година.

- Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈПДП во првото полугодие од 2019 година.

- Одлука за одлучување по барање за парична помош од Зоран Стојановски.

- Одлука за давање согласност на предлог текстот на Правилникот за изменување на правилникот за систематизација на работни места во ЈПДП, предложен од страна на Директорот на ЈПДП.

- План за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на ЈПДП.

- Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈПДП.

- Одлука за усвојување и донесување на Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за плата и наградување на ЈПДП

- Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за плата и наградување на ЈПДП.

- Одлука за одлучување по Барање за донација за реконструкција на црквата Св.Ѓорѓија – Ѓурепи во с.Лазарополе.

- Одлука за одлучување по Приговор од работникот Новица Коцевски бр. 02-9135/1 од 22.8.2019 година.

- Одлука за давање согласност на ЈПДП преку директорот да склучи договор со White/Case – United States, за застспување пред Меѓународниот суд за арбитража на Меѓународна трговска комора во предметот Construcciones Rubau – Spain, за изградба на експресниот пат А1 Градско – Прилеп.

- Договор за уредување на односите на Директорот на ЈПДП со ЈПДП (Менаџерски договор).

- Одлука за усвојување и донесување на Планот за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на ЈПДП.

- Одлука за усвојување на Финансиски план на ЈПДП за 2020 година.
- Одлука за донација од СОС Детско село бр.02-0507/1 од 4.9.2019 година.
- Одлука за одлучување по Барање за парична помош од Гоце Патлиџанковски
- Одлука за одлучување по приговор од работникот Џељиљ Зулбеари бр.04-5146/6 од 29.8.2019 година.
- Одлука за усвојување и донесување на Програмата за изменување и дополнување на програмата за одржување и заштита на државните патишта за 2019 година.
- Одлука за усвојување и донесување на Правилникот за користење на средствата за репрезентација во ЈПДП
- Правилник за користење на средствата за репрезентација во ЈПДП
- Одлука за донесување на Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на ЈПДП.
- План за изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на ЈПДП.
- Одлука за изменување на одлуката за донација на дрвна маса бр.02-6168/5 од 7.6.2019 година, општина Дебарца.
- Одлука за донација на дрвна маса бр.02-10718/8 од 4.10.2019 година, општина Кичево.
- Заклучок за задолжување на стручни служби на ЈПДП при зимско одржување на регионалните, магистралните патишта и автопатиштата во РСМ да користат само сол без ризла, а согласно расположливата механизација на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта.

- Одлука за давање согласност на предлог текстот на Правилникот за изменување на правилникот за систематизација на работни места во ЈПДП, предложен од страна на Директорот на ЈПДП.

- Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈПДП за периодот јули - септември 2019 година.

- Одлука за одлучување по приговор на давателот на јавна услуга Перица Филиповски бр.04-8931/10 од 17.10.2019 година.

- Заклучок за задолжување на стручните служби на ЈПДП при зимско одржување на регионалните, магистралните патишта и автопатиштата во РСМ да користат само сол онаму каде што е можно, додека пак на оние места каде што е невозможно (исклучиво планинските превои – Стража, Плетвар, Шапка, Маврово, Берово) при зимско одржување да се користи сол со додаток на абразивни средства – камен агрегат ризла.

- Одлука за исплата на регрес за годишен одмор за 2019 година.

- Одлука за усвојување и донесување на Правилник за формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот на спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во ЈПДП.

- Правилник за формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот на спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во ЈПДП.

- Одлука за донесување на Планот за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на ЈПДП.

- План за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на ЈПДП.

- Одлука за усвојување и донесување на Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за плата и наградување на ЈПДП, бр.02-12763/10 од 25.11.2019 година.

- Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за плата и наградување на ЈПДП, бр.02-12763/11 од 25.11.2019 година.
- Одлука за одлучување по приговор на давателот на јавна услуга Боби Манџуковски бр.04-10836/3 од 28.10.2019 година.
- Одлука за спонзорство од Радио Блерта.
- Одлука за вршител на должноста заменик на директорот на ЈПДП се именува лицето Исни Јакупи
- Барање согласност за вработување вршител на должност заменик на директорот на ЈПДП, до МФ
- Барање на мислење и произнесување од УО за донесување на Одлука за именување на вршител на должност заменик на директорот на ЈПДП.
- Одлука за отпочнување постапка за распишување на јавен конкурс за избор на заменик директор на директорот на ЈПДП.
- Барање согласност за вработување на заменик на директорот на ЈПДП, до МФ
- Одлука за донесување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта во РМ за 2020 година.
- Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта во РМ за 2020 година.
- Одлука за изменување на Одлука за донација на дрвна маса бр. 02-11114/9 од 19.10.2019 година.
- Одлука за одлучување по барање за финансиска помош поднесено од вработениот Садат Садику
- Одлука за усвојување и донесување Програмата за изменување на програмата за одржување и заштита на државните патишта за 2019 година.

## 2. РАБОТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Во текот на 2019 година беа одржани 11 седници на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на ЈПДП.

На седниците Надзорниот одбор ги разгледа и даде мислење по однос на следните поважни акти и одлуки во врска со работењето на ЈПДП:

- Давање Одобрение на Годишниот план за јавни набавки за ЈПДП за 2019 година.
- Давање одобрение на Програмата за одржување и заштита на државните патишта за 2019 со ЈП Македонијапат, донесена од УО на ден 21.1.2019 година.
- Давање Мислење за Годишната сметка на ЈПДП за 2018 година.
- Давање Мислење за Извештајот од финансиското работење на претпријатието во четвртиот квартал од 2018 година.
- Давање Мислење за Извештајот од финансиското работење на претпријатието во првиот квартал од 2019 година.
- Давање одобрение на прилагодениот годишен план за јавни набавки за 2019 година на ЈПДП со Законот за јавни набавки (Сл.весмик на РМ бр.24/19) донесен од УО на седница на ден 14.5.2019 година.
- Давање Мислење за Извештајот за работењето на ЈПДП за 2018 година.
- Давање Мислење за Извештајот од финансиското работење на претпријатието во вториот квартал од 2019 година.
- Давање Мислење за Извештајот од финансиското работење на претпријатието во првото полугодие од 2019 година.

- Одлука за Претседател на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиско работење на ЈПДП се избира Никола Чачо.
- Давање Мислење на Извештајот за финансиското работење на претпријатието во вториот квартал од 2019 година.
- Давање Мислење за Финансискиот план на ЈПДП за 2020 година.
- Давање Одобрение на Планот за дополнување на Годишниот план за јавни набавки на ЈПДП за 2019 година.
- Давање Одобрение на Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈПДП за 2018 година,
- Давање Мислење на Извештајот за финансиското работење на претпријатието во третиот квартал од 2019 година.
- Давање Одобрение на Одлуката за исплата на регрес за годишен одмор за 2019 година.
- Давање Одобрение на Планот за дополнување на Годишниот план за јавни набавки на ЈПДП за 2019 година.
- Давање Мислење на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2020 година.

## 3. ДИРЕКТОР НА ЈПДП

Со Јавното претпријатие за државни патишта раководи Директор. Работата на Директорот на ЈПДП во текот на 2019 година беше насочена кон реализацијата на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта и грижата за законитоста во работењето и примена на прописите, статутот и другите акти на претпријатието. Директорот работеше спроведувајќи ги одлуките и заклучоците на Управниот одбор на Јавното претпријатие, организираше и раководеше со процесот на работењето на ЈПДП, ја

реализираше Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2019 година. Исто така, склучуваше договори за реализација на програмите и други договори за потребите од тековното работење на Јавното претпријатие. Редовно ги вршеше сите останати надлежности утврдени со Статутот на Јавното претпријатие, во насока на обезбедување законитост во работењето и реализација на главните цели и задачи на Јавното претпријатие за државни патишта.

## III. ОРГАНОГРАМ НА ЈПДП



Во рамките на Јавното претпријатие за државни патишта утврдени се:

- 7 посебни работни места и тоа: 5 Помошници директори и 2 самостојни советници на директорот,
- 3 самостојни одделенија, како организациони единици кои не се во рамки на Сектор, туку се под директна надлежност на Директорот на Јавното претпријатие и тоа: Одделение за внатрешна ревизија, Одделение за информатички и комуникациски технологии и Одделение за организирање и подршка на работата на Директорот
- 7 Сектори, како организациони единици под директна надлежност на Помошник директор и 18 Одделенија во рамките на секторите и тоа:

1. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ
    - 1.1 Одделение за финансиско планирање, маркетинг и продажба
    - 1.2 Одделение за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции
    - 1.3 Одделение за сметководство и плаќање
2. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ, ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ОПШТИ РАБОТИ
    - 2.1 Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација
    - 2.2 Одделение за човечки ресурси и општи работи
3. СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
    - 3.1 Одделение за административно-техничка подршка за јавни набавки
    - 3.2 Одделение за спроведување на постапките за јавни набавки
4. СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИИ СО СРЕДСТВА ОД РМ
    - 4.1 Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ
    - 4.2 Одделение за техничка подготовка и планирање со средства од РМ
5. СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИИ СО СРЕДСТВА ОД МФИ
    - 5.1 Оделение за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ
    - 5.2 Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ

5.3 Одделение за заштита на животна средина и социјални аспекти

6. СЕКТОР ЗА ОДРЖУВАЊЕ, ЗАШТИТА НА ПАТИШТА И НАПЛАТА НА ПАТАРИНА

    6.1 Одделение за одржување на патишта и електроенергетски објекти

    6.2 Одделение за заштита на патишта

    6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола

    6.4 Одделение за контрола на сообраќај

7. СЕКТОР ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТИШТА И УПРАВУВАЊЕ СО ПАТИШТАТА

    1.1 Одделение за РАМС – систем за управување со патиштата

    1.2 Одделение за безбедност на патиштата

Просечниот број на вработени во текот на 2019 година изнесува 457 вработени, а вкупниот број на вработени во Претпријатието на 31 декември 2019 година изнесува 447, од кои 331 вработени на неопределено време и 116 на определено време до 31.12.2019. Во текот на 2019 година, во Јавното претпријатие за државни патишта работен однос засноваа вкупно 9 лица на неопределено време.

Просечната исплатена бруто плата во 2019 година изнесува 46.487 денари, а просечната нето плата 31.108 денари. Месечните примањата на членовите на Управен и Надзорен одбор на ЈПДП изнесуваат: Претседател 12.000 денари, заменик претседател 11.000 денари, членови 10.000 денари. Како надоместок за материјални трошоци односно трошоци за користење на мобилен телефон и патни трошоци на Претседателот, Заменикот претседател и членовите на УО и НО им се плаќа месечен надомест од 2.000 денари.

Во Јавното претпријатие за државни патишта во 2019 година вкупниот број на влезни/излезни документи изнесува 40.750 од кои: 21.850 се влезни документи, 7.878 се интерни документи и 11.022 се излезни документи.

Приказ на број на влезни/излезни документи во ЈПДП за 2019 по сектори:

| Сектор | | Влезни документи | Интерни документи | Излезни докумен | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Организација и развој | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 02 | Управување и раководење | 236 | 788 | 221 | 1245 |
| 03 | Канцелариско архивски општи и правни работи | 6611 | 1752 | 2642 | 11005 |
| 04 | Човечки ресурси | 428 | 3386 | 390 | 4204 |
| 05 | Финансиско и материјално | 4271 | 94 | 414 | 4779 |
| 06 | Одбрана и безбедност | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 07 | АОП | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 08 | Јавни набавки | 759 | 1212 | 1860 | 3831 |
| 09 | Инвестиции | 4548 | 161 | 1323 | 6032 |
| 10 | Одржување и заштита на патишта, наплата на патарина и контрола, безбедност и управување на патишта | 4592 | 438 | 3987 | 9017 |
| 11 | Внатрешна ревизија | 1 | 7 | 0 | 8 |
| 12 | ИПА | 345 | 29 | 170 | 544 |
| 13 | ИКТ | 59 | 11 | 15 | 85 |

## IV. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Во Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2019 година планирани се 3 ревизии и тоа:

- Изработка на проектна документација за Градежно санациони работи на мостот р.Пчиња, на Р1204, делница Куманово-Свети Николе;
- Ревизија на ИПА II - проект Изадградба на делница Градско – клучка Дреново како дел од коридорот X
- Ревизија по барање на Директорот

Планираните ревизии согласно Годишниот План за 2019 год., за извршување на внатрешна ревизија се реализирани. Дадените препораки кои произлегуваат од Конечните ревизорски извештаи се реализирани.

## V. ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Финансиските извештаи, се составени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Правилникот за сметководство (Сл.весник на РМ бр. 159/2009) и применливи од 1 јануари 2010 година.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2019 и 2018 година. Таму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршеното прикажување во тековната година.

Согласно Законот за трговски друштва и Правилникот за водење сметководство, Јавното претпријатие за државни патишта е должно да води сметководствена евиденција на капиталот, средствата, побарувањата, обврските, приходите, трошоците и да го утврди финансискиот резултат од работењето по Годишната сметка.

ЈП за државни патишта ја состави Годишната сметка и Финансиските извештаи во согласност со законските прописи и општи акти:

- Законот за трговските друштва (Службен весник на РМ, број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18);
- Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ, број 38/96, 6/02, У.бр.175/01 во 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 , 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на република Северна Македонија бр.275/19");
- Законот за Централен регистар (Службен весник на РМ), број 50/01, 49/03, 109/05, 88/08 , 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 и 83/18);
- Правилник за водење на сметководство (Службен весник на РМ, број 159/09, 164/10 и 107/11);
- Правилник за сметководствен план и содржината на одделни сметки во сметковниот план (Службен весник на РМ број 174/11);
- Правилник за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот ("Службен весник на РМ број" 107/11);
- Одлука за донесување на Национална класификација на дејностите НКД Рев.2 (Службен весник на РМ, број 147/08 и 4/13).

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност.

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека Претпријатието ќе продолжи да работи во догледна иднина. Претпријатието нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

## 1. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Билансот на состојба ја покажува состојбата на средствата и изворите на претпријатието на 31.12.2019 година. Билансот на состојба е статички и кумулативен преглед, кој го набљудува претпријатието во даден момент и ја прикажува состојбата на средствата, изворите и капиталот кои произлегуваат од сите активности во претпријатието од неговото основање до денот на составување на билансот. Вредностите на ставките во Билансот на состојба се искажани според нивниот износ при набавка на средството, корегирани за промените што настанале.

Паричните средства се водат во билансот на состојба според номиналната вредност. Паричните средства се состојат од денарска и девизна жиро сметка, готовина во благајна.

Побарувањата за дадени аванси се признаваат во висина на нивната номинална вредност и се состојат од дадени аванси на изведувачи.

Авансите за основни средства претставуваат средства дадени на добавувачи за набавка на основни средства и се искажуваат во висина на нивната номинална вредност.

Недвижности, постројки и опрема се евидентираат по нивната набавна вредност.

Амортизацијата на основните средства се пресметува врз основа на право-пропорционална метода во текот на проценетиот век на употреба на основните средства. Амортизација на инвестициите во тек не се пресметува се додека средствата во изградба не се активираат.

Обврските спрема добавувачи се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

Обврските по кредити се состојат од обврски по долгорочни кредити земени од Меѓународни финансиски институции (Светска банка, ЕБОР и Ексим банка) и се искажуваат според нивната номинална вредност. Износите на договорената камата

се искажуваат во корист на останатите обврски, а на товар на расходите од финансирање. Обврските по кредитите се искажуваат според курсот на Денарот на денот на билансот на состојба, а курсните разлики се евидентираат во рамките на приходи, односно расходи од финансирање.

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Претпријатието има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваква обврска во иднина, надоместувањето се признава како посебно средство, но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето.

*во илјади денари*

| 1. БИЛАНС НА СОСТОЈБА | Остварено претходна година | Остварено тековна година | Споредба оств. тек. / оств. претх. (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | | | | |
| Парични средства | 3,036,904 | 2,033,771 | 0.67 | 1.97 |
| Побарувања | 334,582 | 371,712 | 1.11 | 0.36 |
| Залихи | 1,371 | 1,548 | 1.13 | 0.00 |
| Краткорочни финансиски средства | 0 | 0 | - | 0.00 |
| Други тековни средства (АВР) | 31,233 | 11,076 | 0.35 | 0.01 |
| **Тековна актива** | **3,404,089** | **2,418,106** | **0.71** | **2.35** |
| Материјални средства и вложувања во недвижности | 90,880,686 | 100,527,623 | 1.11 | 97.59 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 0 | 0 | - | 0.00 |
| Нематеријални средства | 23,014 | 16,674 | 0.72 | 0.02 |
| Долгорочни финансиски средства | 62,895 | 48,911 | 0.78 | 0.05 |
| **Нетековна актива** | **90,966,596** | **100,593,208** | **1.11** | **97.65** |
| **Вкупна актива** | **94,370,685** | **103,011,314** | **1.09** | **100.00** |
| Вонбилансна актива | 0 | 0 | - | 0.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Краткорочни обврски | 5,716,206 | 5,217,489 | 0.91 | 5.06 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР) | 1,083,465 | 2,495,059 | 2.30 | 2.42 |
| **Тековни обврски** | **6,799,671** | **7,712,549** | **1.13** | **7.49** |
| Долгорочни обврски | 35,003,070 | 39,831,219 | 1.14 | 38.67 |
| Други долгорочни обврски и резервирања за ризици и трошоци | 136,919 | 153,520 | 1.12 | 0.15 |
| **Нетековни обврски** | **35,139,989** | **39,984,739** | **1.14** | **38.82** |
| **Вкупно обврски** | **41,939,660** | **47,697,288** | **1.14** | **46.30** |
| Капитал | 5,000 | 5,000 | 1.00 | 0.00 |
| Акумулирана добивка | 34,951,434 | 40,128,314 | 1.15 | 38.96 |
| Резерви | 5,178,880 | 2,499,258 | 0.48 | 2.43 |
| Ревалоризациони резерви | 9,796,453 | 9,796,453 | 1.00 | 9.51 |
| Добивка/ Загуба за деловната година | 2,499,258 | 2,885,001 | 1.15 | 2.80 |
| **Вкупен капитал** | **52,431,025** | **55,314,026** | **1.05** | **53.70** |
| **Вкупно обврски и капитал** | **94,370,685** | **103,011,314** | **1.09** | **100.00** |
| Вонбилансна пасива | 0 | 0 | - | 0.00 |

Вкупната актива/пасива во Билансот на состојба во 2019 година изнесува 103.011.313.681 денар. Во однос на претходната 2018, кога изнесувала 94.370.685.211 денар, бележи зголемување од 9%. Во активата најголемо зголемување, согласно структурната и споредбената анализа, има во материјалните средства и вложувања во недвижности т.е инвестициите во тек. Додека во пасивата, зголемувањето е најголемо кај долгорочните обврски т.е. обврските по заеми и кредити и кај вкупниот капитал на претпријатието.

## 2. БИЛАНС НА УСПЕХ

Билансот на успех ги покажува вкупно остварените приходи и расходи од работењето на ЈПДП за 2019 година и финансискиот резултат за истата година.

*во илјади денари*

| 2. БИЛАНС НА УСПЕХ | Остварено претходна година | План тековна година | Остварено тековна година | Споредба тек. / претх. | Споредба план. / тек. | Структ. анал. тек. год. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| Приходи од продажба | 4,074,292 | 4,378,000 | 4,340,350 | 1.07 | 0.99 | **57.92** |
| Останати оперативни приходи | 3,005,208 | 3,143,000 | 3,152,925 | 1.05 | 1.00 | **42.08** |
| **Вкупно оперативни приходи** | **7,079,500** | **7,521,000** | **7,493,275** | **1.06** | **1.00** | **100.00** |
| Потрошени суровини, материјали и енергија | 61,043 | 76,000 | 79,042 | 1.29 | 1.04 | **2.07** |
| Трошоци за вработените | 259,910 | 265,000 | 285,940 | 1.10 | 1.08 | **7.50** |
| Амортизација | 1,680,553 | 1,800,000 | 1,860,034 | 1.11 | 1.03 | **48.80** |
| Вредносно усогласување на тековни средства | 27,530 | 0 | 52,829 | 0.00 | | **1.39** |
| Останати оперативни расходи | 1,439,882 | 1,268,500 | 1,533,789 | 1.07 | 1.21 | **40.24** |
| **Вкупно оперативни расходи** | **3,468,918** | **3,409,500** | **3,811,634** | **1.10** | **1.12** | **100.00** |
| **Добивка од оперативно работење** | **3,610,582** | **4,111,500** | **3,681,641** | **1.02** | **0.90** | **0.00** |
| Приходи од финансирање | 574,291 | 565,000 | 1,090,099 | 1.90 | 1.93 | 0.00 |
| Расходи од финансирање | 1,685,615 | 2,056,000 | 1,840,782 | 1.09 | 0.90 | 0.00 |
| **Добивка пред оданочување** | **2,499,258** | **2,620,500** | **2,930,959** | **1.17** | **1.12** | **0.00** |
| Данок на добивка | 0 | 0 | 45,958 | | 0.00 | 0.00 |
| **Нето добивка / загуба** | **2,499,258** | **2,620,500** | **2,885,001** | **1.15** | **1.10** | **0.00** |

Во првиот дел од Билансот на успех се содржани оперативните приходи, кои изнесуваат 7.493.275.155 денари, и оперативните или општите трошоци, кои изнесуваат 3.811.633.879 денари. Нивната разлика ја дава оперативната добивка или добивка од работењето, која за тековната година изнесува 3.681.641.276 денари. Оперативната добивка во 2019 година е поголема од 2018 година за 2% кога изнесувала 3.610.582.055 денари.

Во вториот дел ставките во најголема мера се од екстерна природа и на нив претпријатиeто речиси и не може да влијае. Како показател за успешноста на работењето во анализите претставува оперативната добивка, за разлика од нето добивката на која влијаат ставки како што се каматите, кусните разлики и сл. Добивката пред оданочување за 2019 година изнесува 2.930.958.506 денари, и истата е поголема од претходната година за 17%, кога изнесувала 2.499.257.805 денари. Нето добивката во 2019 година изнесува 2.885.000.995 денари и истата во однос на 2018 година е зголемена за 15%.

## 3. СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ

Приходите се признаваат доколку е веројатно дека идните економски користи ќе бидат прилив за Претпријатието и доколку овие користи може веродостојно да се измерат. Приходите на Претпријатието се економски користи кои настануваат во текот на разгледуваниот период, кои произлегуваат од редовните активности на истото. Приходите на Претпријатието произлегуваат од надоместоците утврдени со Законот за јавни патишта. Приходите од камати се признаваат за временскиот период за кој истите се одесуваат.

*во илјади денари*

| 3. СПЕЦИФИРАНИ ПРИХОДИ | Остварено претходна година | План тековна година | Остварено тековна година | Споредба тек. / оств. претх. | Споредба оств. / план. | Структ. анал. тек. год. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| Приходи регистрација | 1,556,561 | 1,628,000 | 1,628,544 | 1.05 | 1.00 | 18.97 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходи патарина | 2,494,201 | 2,750,000 | 2,687,428 | 1.08 | 0.98 | 31.31 |
| Приходи од вонреден превоз | 20,582 | 20,000 | 21,900 | 1.06 | 1.10 | 0.26 |
| Приход од рекламни табли, инсталации, пристапен пат, прекоп и друго | 2,948 | 3,000 | 2,478 | 0.84 | 0.83 | 0.03 |
| Приходи од акциза | 2,979,885 | 3,100,000 | 3,058,350 | 1.03 | 0.99 | 35.63 |
| Останати приходи од работењето | 25,323 | 20,000 | 94,574 | 3.73 | 4.73 | 1.10 |
| **Вкупни оперативни приходи** | **7,079,500** | **7,521,000** | **7,493,275** | **1.06** | **1.00** | **87.30** |
| **Останати приходи** | | | | | | |
| Позитивни курсни разлики | 566,741 | 555,000 | 1,055,038 | 1.86 | 1.90 | 12.29 |
| Приходи од камати | 7,549 | 10,000 | 35,061 | 4.64 | 3.51 | 0.41 |
| **Вкупно останати приходи** | **574,291** | **565,000** | **1,090,099** | **1.90** | **1.93** | **12.70** |
| **Вкупно приходи** | **7,653,791** | **8,086,000** | **8,583,374** | **1.12** | **1.06** | **100.00** |

Во 2019 година ЈП за државни патишта оствари приходи во вкупен износ од 8.583.374.231 денар. Вкупните приходи во претходната година изнесуваат 7.653.790.913 денари. Приходите во 2019 во однос на претходната година бележат зголемување за 12%. Зголемувањето на вкупните приходи се должи на зголемени оперативни приходи, како и на зголемени останати приходи од работењето.

Графички приказ бр.1: Остварени приходи во однос на планирани приходи за 2019 година




Графички приказ бр.2: Приходите остварени во 2019 година споредбено со 2018 година




Оперативните приходи за 2019 година изнесуваат 7.493.275.156 денари, и истите се во рамките на планираното. Оперативните приходи во претходната 2018

година изнесуваат 7.079.500.190 денари и истите во 2019 година бележат зголемување за 6%. Најголемо зголемување согласно структурната анализа и споредбената анализа во дадена во табелата бр.3 претпријатието бележи кај приходите од регистрација и приходите од патарина.

Согласно Законот за јавни патишта, тука спаѓаат: надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина), надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата, и други приходи кои произлегуваат од работењето.

Висината на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата, еднаш годишно, се определува во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот. Во 2019 година од овој надоместок, остварен е приход во износ од 1.628.544.221 денар. Остварениот износ е во рамките на планираното и истиот е поголем за 5% во однос на претходната година. Од приходот од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила – патна такса, е намален за исплатите на имателите на моторни и приклучни возила со кои се врши меѓународен сообраќај. Согласно Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса), се утврдува правото за враќање на дел од уплатениот износ сразмерно на времето што моторните и приклучните возила го поминале надвор од Република Северна Македонија.

Висината на надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина) е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата. Во 2019 година овој приход изнесува 2.687.428.468 денари и истиот е за 8% поголем во однос на претходната година. Исто така овој приход е во рамките на планираното за 2019 година. Ова зголемување се должи на повеќе превземени активности и новини. Новитет во 2019 година беше воведувањето на Електронската наплата на патарина на коридорот 10. Проектот беше успешно имплементиран и функционира беспрекорно. Во 2019

година Претпријатието продаде 8.953 Мкард и Мтаг 4754 или вкупно 13.707 електронски уреди. Во Август 2019 година беше пуштена во употреба новата Наплатна Станица Гевгелија, со тоа Наплатната Служба сега брои вкупно 11 Наплатни Станици. Сите вработени имаа професионален однос кон работните задачи, во организациска смисла одлично се искоординирани, а со тоа се овозможи брз проток на сообраќајот и успешност во наплатата и работењето на НС.

Во други приходи од работењето влегуваат разни надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, како што се надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот.

Делот од акцизата од дериватите од нафта, изнесува 3.058.350.347 денари. Истата ставка е во рамките на планираното и е повисока за 3% со споредба со претходната година. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

Останатите приходи за 2019 година изнесуваат 1.090.099.725 денари. Во останати приходи влегуваат позитивните курсни разлики и приходите од камати. Приходите од камати се признаваат за временскиот период за кој истите се однесуваат. Овие приходи се поголеми од претходната година и истите во најголема мера се од екстерна природа, и поради тоа претпријатието тешко може да ги испланира и да влијае на нивната реализација.

Графички приказ бр.3: Учеството на поединечните приходи во вкупно остварените приходи за 2019 година




## 4. СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ

Расходите се признаваат во билансот на успех кога се јавува намалување на идните економски користи поврзано со намалување на дадено средство или зголемување на дадена обврска кое може веродостојно да се измери. Расходите се признаваат врз основа на нивната директна поврзаност помеѓу направените трошоци и заработувањето на конкретните приходи.

*во илјади денари*

| 4. СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ | Остварено претх. год. | План тек. год. | Остварено тек. год. | Споредба тек. / претх. год | Споредба анал. оств. / план. | Структ. анал. тек. год. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| Трошоци за потрошен материјал, ситен инвентар и гориво | 10,101 | 21,000 | 14,886 | 1.47 | 0.71 | 0.26 |
| Трошоци за енергија | 50,942 | 55,000 | 64,155 | 1.26 | 1.17 | 1.14 |
| Плата, надоместоци за плата и останати трошоци за вработените | 259,910 | 265,000 | 285,940 | 1.10 | 1.08 | 5.06 |
| Амортизација | 1,680,553 | 1,800,000 | 1,860,034 | 1.11 | 1.03 | 32.91 |
| Вредносно усогласување | 27,530 | 0 | 52,829 | 0.00 | | 0.93 |
| Трошоци за одржување на објекти и патишта | 808,997 | 750,000 | 829,443 | 1.03 | 1.11 | 14.67 |
| Комунални и други услуги | 204,868 | 108,000 | 264,054 | 1.29 | 2.44 | 4.67 |
| Провизија за здруженија за технички преглед | 68,280 | 66,000 | 70,853 | 1.04 | 1.07 | 1.25 |
| Трансфери до ЕЛС | 300,000 | 300,000 | 300,000 | 1.00 | 1.00 | 5.31 |
| Банкарски трошоци | 31,494 | 28,000 | 35,124 | 1.12 | 1.25 | 0.62 |
| Други трошоци од работењето | 26,242 | 16,500 | 34,314 | 1.31 | 2.08 | 0.61 |
| **Вкупно оперативни расходи** | **3,468,918** | **3,409,500** | **3,811,634** | **1.10** | **1.12** | **67.43** |
| **Останати раходи** | | | | | | |
| Камата по кредити | 74,044 | 706,000 | 154,225 | 2.08 | 0.22 | 2.73 |
| Негативни курски разлика | 1,611,571 | 1,350,000 | 1,686,557 | 1.05 | 1.25 | 29.84 |
| **Вкупно останати расходи** | **1,685,615** | **2,056,000** | **1,840,782** | **1.09** | **0.90** | **32.57** |
| **Вкупно расходи** | 5,154,533 | 5,465,500 | 5,652,416 | 1.10 | 1.03 | 100.00 |

Во 2019 година ЈП за државни патишта оствари расходи во вкупен износ од 5.652.415.724 денари. Во претходната 2018 година вкупните расходи изнесуваат 5.154.533.108 денари. Зголемувањето на вкупните расходи во 2019 година во однос на претходната година се должи на остварени поголеми приходи и зголемени активности на претпијатието во извештајната година.

Графички приказ бр.4: Остварени расходи во однос на планирани расходи за 2019 година



Графички приказ бр.5: Остварени расходи за 2019 година во однос на истите расходите за 2018 година




Оперативните расходи за 2019 година изнесуваат 3.811.633.879 денари, и истите се во рамките на планираното. Оперативните расходи во 2018 година изнесуваат 3.468.918.135 денари и истите во 2019 година бележат зголемување за 10% во однос на претходната година.

Зголемувањето се должи на зголемените тековни активности и зголемени приходи од истите активности на претпријатието. Исто така, согласно структураната анализа и процентуалното зголемување, поголемо зголемување е забележано кај трошоците за енергија и комуналните трошоци. Тие се резултат на

осветлување и сигнализација на патиштата, клучките и објектите на претпријатието, зголемен надомест за вода и одводнување, прочистување на отпадни и атмосферски води и сл.

За потрошен материјал, ситен инвентар и гориво потрошени се 14.886.279 денари. Тука влегуваат канцелариски материјали, тонери, ролни за фискални печатари, парагон билети за патарините, средства за хигиена, ХТЗ опрема и сл.

За енергија во 2019 година трошоците изнесуваат 64.155.393 денари. Тука спаѓаат приклучоците на дистрибутивна мрежа за објекти на патот, користење на дистрибутивен систем за електрична енергија и потрошена електрична енергија за осветлување на државните патишта, клучките и објектите и за гориво.

За плата, надоместоци за плата и останати трошоци за вработените потрошени се средства во износ од 285.940.333 денари. Зголемувањето на трошоците во однос на претходната година е поради зголемен број на вработени, кој на крајот на 2018 година изнесувал 447, додека на 31.12.2019 година изнесува 463 вработени. Во оваа ставка влегуваат трошоците за плата на вработените, надоместоците за плата, отпремнини, помош за подолготрајно боледување и смрт, службени патувања, трошоци за превоз, семинари и усовршување на вработените, осигурување на вработените.

Трошокот за амортизација во 2019 година изнесува 1.860.034.313 денари, што процентуално нема значително отстапување во однос на планираното и оствареното во претходната година.

Трошоците за одржување на објекти и патишта во 2019 година изнесуваат 829.443.249 денари, истите се во зголемени за 3% во однос на претходната година, кога изнесувале 808.997.478 денари. Најголем дел од овие трошоци се однесуваат за тековното одржување на патиштата, за што ЈПДП има склучено договор со ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Македонијапат. Остатокот од овие трошоци се: одржување на зградите и објектите на ЈПДП, одржување на електроенергетски објекти, одржување на автоматски стоп рампи,

одржување на хардверот и софтверот на ЈПДП, одржување на лифтови, копири, принтери, систем за ладење и греење, телефонска централа, одржување комуникациска опрема на наплатните станици, одржување на возилата, одржување на агрегати, одржување на хигиената на објектите на ЈПДП, трошоци за чистење на патни канавки и канали на патиштата, косење трева, расчистување на грмушки, кастрење гранки и сечење дрва во патен појас на автопат и слични трошоци за одржување.

Комуналните и другите услуги во 2019 година изнесуваат 264.054.253 денари. Во овие трошоци влегуваат и поштенските услуги, трошоци за снабдување со вода, воден надоместок и одводнување, за смет, парно греење, паркинг услуги, патарина и регистрација на возила, дератизација и дезинфекција, трошоци за огласи, весници и списанија, трошоци за истражувања и изработка на елаборати, трошоци за надзор, за РАМС Софтвер, мерење на патиштата и консултански услуги за софтверот, консултантски услуги за проектна документација како детален дизајн на мерки за санација на безбедноста на патиштата за ЈПДП, трошоци за Оптичко комуникациско поврзување и Интернет симетричен пристап во административната зграда на ЈПДП и во Контролен центар во Неготино вклучувајќи го и кол центарот и др. слични услуги.

За провизија за извршена услуга од здруженијата за технички преглед согласно склучени договори потрошени се 70.853.806.163 денари. Во однос на претходната година истата е зголемена, сразмерно на зголемениот приход од регистрација. Имено здруженија за технички преглед согласно склучените договори со ЈПДП за извршената услуга што ја даваат при регистрација на возилата наплатуваат провизија од 3,5%.

Трансфери до ЕЛС во 2019 година изнесуваат 300.000.000 денари, согласно планираното. Средствата од овие трансфери до Единиците на локалната самоуправа се наменети за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици.

Трошоците за Банкарски провизии во 2019 година изнесуваат 31.494.465 денари. Овие трошоци бележат зголемување во однос на претходната година, како резултат на зголемениот приход од патарина.

Другите трошоците од работењето во 2019 година изнесуваат 34.314.336 денари. Тука влегуваат надоместоците на членовите за Управен одбор и Надзорен одбор, трошоци за репрезентација, трошоци за осигурување на објекти и возила, административни и судски такси, авторски хонорари, сметководствени услуги, ревизија, судски вештачења, трошоци за лиценци и сертификати, адвокатски и нотарски услуги, трошоци по судски извршни надоместоци на штети на други друштва и физички лица, судски пресуди за настанати штети на патот и други.

Останатите расходи за 2019 година изнесуваат 1.840.781.845 денари. Во останати расходи влегуваат негативните курсни разлики и каматите по кредити. Вкупно останатите расходи бележат зголемување во однос на претходната година поради пресметаните негативни курсни разлики. Имено, Претпријатието ја води својата сметководствена евиденција и известува во денари. Трансакциите во странска валута се евидентираат по важечкиот курс на странската валута на денот на трансакцијата. Извршена е пресметка на сите обврски во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност, по средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата. Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со обврските во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи или расходи од финансирање. Најголем број од трансакциите на Претпријатието се во ЕУР и УСД. Средниот курс на Еврото на 31.12.2019 година изнесува 61,4856 МКД, додека во 2018 изнесува 61,4950, а средниот курс на Доларот бележи зголемување во однос на курсот на крајот од претходната година и тоа 54,9518 МКД во 2019 и 53,6887 МКД во 2018 година.

Графички приказ бр.6: Учество на поединечните расходи во вкупно остварените расходи за 2019 година




## 5. СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ФИКСНИ СРЕДСТВА И АМОРТИЗАЦИЈА

Во овој дел од финансиското известување се претставени состојбата на поединечните материјални и нематријални средства на претпријатието, споредбата на нивната состојба со претходната година, како и амортизацијата на секое поединечно средство со амортизацијата од претходната година.

*во илјади денари*

| 5. СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ФИКСНИ СРЕДСТВА И АМОРТИЗАЦИЈА | Состојба претх. год. | Амортизација прех. год. | Состојба тек. год. | Амортизација тек. год. | Пром.ос. с-ва | Пром. аморт. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Материјални средства** | | | | | | |
| Имот, машини и опрема | 101,735,777 | 57,554,505 | 121,610,209 | 59,336,531 | 1.20 | 1.03 |
| Возила | 45,742 | 43,108 | 56,864 | 51,919 | 1.24 | 1.20 |
| Мебел и вградување на мебел | 6,006 | 4,779 | 5,887 | 4,802 | 0.98 | 1.00 |
| Материјални средства во подготовка | 43,377,338 | 0 | 35,614,173 | 0 | 0.82 | 0 |
| Аванси за набавка на материјални средства | 3,317,213 | 0 | 2,633,129 | 0 | 0.79 | 0 |
| Останати материјални основни средства | 11,348 | 10,345 | 11,321 | 10,708 | 1.00 | 1.04 |
| **Вкупно материјални средства** | **148,493,424** | **57,612,737** | **159,931,582** | **59,403,959** | **1.08** | **1.03** |
| НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
| Дадени аванси | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Права | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Гудвил | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трошоци за истражување и развој | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Други нематеријални средства | 42,146 | 19,132 | 44,714 | 28,040 | 1.06 | 1.47 |
| **Вкупно нематеријални средства** | **42,146** | **19,132** | **44,714** | **28,040** | **1.06** | **1.47** |
| **Вкупно средства** | **148,535,570** | **57,631,869** | **159,976,297** | **59,432,000** | **1.08** | **1.03** |

Вкупните средства во 2019 година изнесуваат 159.976.296.640 денари. Во споредба со претходната година истите покажуваат зголемување од 8%.

Акумулираната амортизација во 2019 година изнесува 59.431.999.928 денари. Во споредба со претходната година, исто така покажува зголемување, како резултат на зголемен износ на вкупните средства.

## 6. ПРЕГЛЕД НА КРЕДИТИ

Во овој дел од извештајот прикажани се долгорочните кредити на јавното претпријатие, износот на основицата на секој кредит, каматната стапка, времетраењето на кредитот, вкупно исплатениот износ и износот што преостанува да се исплати.

| | 6. Преглед на кредити | Износ на основица | Каматна стапка | Износ на 6-месечен ануитет | Вкупно исплатено до 31.12.2019 | Преостанат долг | Времетраење (од - до, Вк. Години) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Долгорочни кредити** | | | | | | |
| 1 | Патишта II ЕИБ - Луксембург | € 60,000,000 | 3.62 | 1,752,266 | 44,229,609 | 15,770,391 | 15.11.2006-15.05.2024 |
| 2 | ТТФСЕ II - Светска банка | € 14,670,375 | Либор | 610,240 | 9,178,212 | 5,492,163 | 15.12.2012-15.06.2024 |
| 3 | Регионални и локални патишта Светска банка | € 69,124,920 | Либор | 2,390,417 | 28,419,260 | 40,705,660 | 15.09.2013-15.03.2028 |
| 4 | *Проект за рехабилитација на магистрални и регионални патишта - Светска банка | € 50,437,699 | Либор | 1,483,462 | 0 | 50,437,699 | 15.10.2020-15.04.2037 |
| 5 | *Проект за подобрување и развој на патишта - Светска банка | € 83,000,000 | Либор | 2,075,000 | 0 | 21,046,583 | 15.11.2023-15.05.2043 |
| 6 | Регионални и локални патишта ЕБОР | € 50,000,000 | Либор+1 | 2,718,960 | 30,967,280 | 19,032,720 | 15.12.2012-15.06.2023 |
| 7 | *Коридор X - патарини ЕБОР | € 15,880,000 | Либор+1 | 721,818 | 2,931,995 | 12,018,005 | 20.10.2015-20.04.2026 |
| 8 | *Програма за национални патишта ЕБОР | € 181,000,000 | Либор+1 | 7,240,000 | 4,014,000 | 41,415,355 | 20.02.2018-20.02.2030 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | *Патна делница Штип-Радовиш ЕБОР | € 64,000,000 | Либор+ 1 | 2,909,091 | 0 | 19,800,000 | 15.03.2020-15.09.2030 |
| 10 | *Патна делница Кр. Паланка-Деве Баир ЕБОР | € 10,000,000 | Либор+ 1 | 416,667 | 0 | 2,100,000 | 15.04.2022-15.10.2033 |
| | **Вкупно долгорочни кредити ЕУР** | **€ 598,112,995** | | **€ 22,317,920** | **€ 119,740,356** | **€ 227,818,577** | |
| 11 | *Кичево-Охрид | $505,044,967 | 2 | 9,962,521 | 9,962,521 | $324,442,683 | 21.07.2019-21.01.2034 |
| 12 | Миладиновци-Штип | $213,699,632 | 2 | 7,123,321 | 7,123,321 | $206,576,311 | 21.07.2019-21.01.2034 |
| | **Вкупно долгорочни кредити УСД** | **$718,744,599** | | **$17,085,842** | **$17,085,842** | **$531,018,995** | **0** |

Забелешка - Кредитите означени со (*) се во фаза на имлементација и се уште се во фаза на повлекување на средствата, а кај некои од нив започната е и отплатата на повлечениот дел од кредитите.

## 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ

Вкупниот капитал на Претпријатието заклучно со 31 декември 2019 година е во износ од 55.314.025.873 денари. Промените во капиталот заклучно со 31 декември 2012 година се состојат од ревалоризациони резерви кои се пресметуваа за недвижностите, постројките и опремата заклучно со 31 декември 2012 година и остварена добивка. На 01.01.2013 година со трансформацијата на „Агенцијата" во „Јавно претријатие за државни патишта" се изврши корекција на капиталот, односно основната главнина со состојба на 31 декември 2018 година изнесува 5.000.000 денари и се состои од паричен влог. Средствата се земени од салдото на сметката на Агенцијата за државни патишта во рамките на трезорската сметка и се дел од салдото на денот на отворањето на сметката на ЈП за државни патишта. Овој капитал е упишан во Централниот регистар на РМ.

*во илијади денари*

| 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ | Државен капитал | Ревалоризациона резерва | Реинвестирана добивка | Акумулирана добивка (загуба) | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2018 | 5,000 | 9,796,453 | 2,067,617 | 38,062,697 | 49,931,767 |
| Добивка/загуба за тековната година | | | | 2,499,258 | 2,499,258 |
| Резерви (реинвестирана добивка) | | | 5,178,880 | (5,178,880) | - |
| Враќање на реинвестирана во акумулирана | | | (2,067,617) | 2,067,617 | - |
| Состојба на 31 Декември 2018 | 5,000 | 9,796,453 | 5,178,880 | 37,450,692 | 52,431,025 |
| Состојба на 01 Јануари 2019 | 5,000 | 9,796,453 | 5,178,880 | 37,450,692 | 52,431,025 |
| Добивка/загуба за тековната година | | | | 2,885,001 | 2,885,001 |
| Резерви (реинвестирана добивка) | | | 2,499,258 | (2,499,258) | - |
| Враќање на реинвестирана во акумулирана | | | (5,178,880) | 5,178,880 | - |
| Корекции | | | | (2,000) | (2,000) |
| Состојба на 31 Декември 2019 | 5,000 | 9,796,453 | 2,499,258 | 43,013,315 | 55,314,026 |

Од дадената табела може да се види дека вкупниот капитал во 2019 година изнесува 55.314.025.873 денари, и истиот е зголемен за 2.885.000.995 денари во однос на претходната година кога изнесувал 52.431.024.878 денари, односно зголемен е за износот на добивката за тековната година.

## 8. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

Извештајот за паричните текови ни ја дава целосната претстава за тековите на готовите пари во претпријатието, односно на едно место ни прикажува по кои основи претпријатието остварило готовински приливи во текот на 2019 година, а по кои основи се направени готовински одливи во истата година.

Извештајот за паричен тек е изготвен врз основа на директниот метод за пресметка на нето зголемувањето/намалувањето на паричните средства.

*во илјади денари*

| 8. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ | 2018 | 2019 | промена 2019/2018 |
|---|---|---|---|
| Парични примања од надоместоци | 7,022,730 | 7,394,470 | 1.05 |
| Парични примања од останати оперативни активности | 25,791 | 4,508 | 0.17 |
| Исплати на добавувачи за трошоци за основна дејност | -1,067,799 | -1,073,752 | 1.01 |
| Исплати за плати и надоместоци на плати | -259,361 | -285,387 | 1.10 |
| Исплати за останати оперативни расходи | -404,712 | -507,746 | 1.25 |
| Платен данок од добивка | -480,426 | -59,362 | 0.12 |
| Примени камати | 7,549 | 35,061 | 4.64 |
| **Парични средства од оперативни активности** | **4,843,772** | **5,507,792** | **1.14** |
| Дадени/наплатени заеми на други | 13,907 | 13,807 | 0.99 |
| Набавки на нематеријални средства | -4,048 | -2,568 | 0.63 |
| Набавки на недвижности, постројки и опрема | -10,821,961 | -13,265,286 | 1.23 |
| Дадени/оправдани аванси за основни средства, нето | 929,237 | 684,084 | 0.74 |
| **Парични средства од инвестиции** | **-9,882,866** | **-12,569,964** | **1.27** |
| Платени камати на кредити | -74,044 | -154,225 | 2.08 |
| Примени (отплатени) долгорочни кредити, нето | 6,891,775 | 8,283,864 | 1.20 |
| Отплатени кредити | -1,317,434 | -2,070,601 | 1.57 |
| **Парични средства од финансиски активности** | **5,500,297** | **6,059,039** | **1.10** |
| **Нето зголемување / намалување на паричните текови** | **461,203** | **-1,003,133** | **(2.18)** |
| **Парични средства на почетокот на периодот** | **2,575,701** | **3,036,904** | **1.18** |
| **Парични средства на крајот на периодот** | **3,036,904** | **2,033,771** | **0.67** |

Во 2019 година од паричниот тек може да се види дека претпријатието има намалување на паричните текови во износ од 1.003.133.138 денари. Претпријатието од оперативни активности прикажува готовински приливи и истите изнесуваат 5.507.791.732 денари, или за 14% повеќе од истиот во претходната година. Додека, готовински одливи претпријатието најмногу покажува во инвестициските (вложувачки) активности и тоа 12.569.963.914 денари или за 27% повеќе од 2018 година.

## 9. ПРЕГЛЕД НА ГОДИШНИ ПОДАТОЦИ

Во овој дел од извештајот, во табела ќе бидат прикажани ставките од билансите и извештаите кои се битни за претпријатието и нивната споредба во однос на намалувањето/зголемувањето со претходната година.

*во илјади денари*

| 9. ПРЕГЛЕД НА ГОДИШНИ ПОДАТОЦИ | Реализација 2018 | Реализација 2019 | Промена 2019/2018 |
|---|---|---|---|
| Тековна актива | 3,404,089 | 2,418,106 | 0.71 |
| Тековни обрвски | 6,799,671 | 7,712,549 | 1.13 |
| Вкупно приходи од дејноста | 7,079,500 | 7,493,275 | 1.06 |
| Вкупно приходи | 7,653,791 | 8,583,374 | 1.12 |
| Вкупно расходи од дејноста | 3,468,918 | 3,811,634 | 1.10 |
| Вкупно расходи | 5,154,533 | 5,652,416 | 1.10 |
| Трошоци за плата | 259,910 | 285,940 | 1.10 |
| Просечен број на вработени | 427 | 457 | 1.07 |
| Вкупно трошоци за кредити | 74,044 | 154,225 | 2.08 |
| Резерви | 14,975,333 | 12,295,711 | 0.82 |
| Капитал (влог, акум. добивка) | 34,956,434 | 40,133,314 | 1.15 |
| Добивка / Загуба | 2,499,258 | 2,885,001 | 1.15 |
| Вкупно материјални средства | 90,880,686 | 100,527,623 | 1.11 |
| Вкупно нематеријални средства | 23,014 | 16,674 | 0.72 |
| Долгорочни финансиски средства | 62,895 | 48,911 | 0.78 |
| Вкупно средства | 90,966,595 | 100,593,208 | 1.11 |

## VI. ИНВЕСТИЦИИ

Инвестициите се преод на заштедите во капитални фондови. Во суштина, инвестициите се разликата меѓу вкупниот доход и потрошувачката во еден одреден временски период, кои се трансформираат во фиксни и обртни капитални добра. Инвестициите се вбројуваат меѓу најзначајните фактори на економскиот развој. Инвестициите т.е. капиталот се создава од домашните заштеди (акумулацијата) и позајмен капитал од странство, во форма на кредити и странски директни инвестиции. ЈПДП, капиталните средсва ги обезбедува од домашни заштеди и странски кредити.

Во табелата што следи се прикажани инвестиции од сопствени средства и инвестициите со странски кредити остварени во 2019 година и нивната споредба со претходната година.

| Годишна Програма | Реализација 2018 година | Програма 2019 | Реализација 2019 година | Споредба 2019 /2018 | Оств. /план. | Стр. Анал реал 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ИНВЕСТИЦИИ** | **7,989,972,547** | **13,116,800,000** | **11,129,870,615** | **1.39** | **0.85** | **1.00** |
| **Инвестиции од сопствени средства** | **2,548,225,536** | **2,904,500,000** | **3,092,397,514** | **1.21** | **1.06** | **0.28** |
| Градба и рехабилитација на државни патишта | 816,102,561 | 749,900,000 | 1,164,767,507 | 1.43 | 1.55 | 0.10 |
| Свлечишта и рехабилитација на мостови и тунели | 169,741,098 | 249,600,000 | 219,055,073 | 1.29 | 0.88 | 0.02 |
| Осветлување | 29,182,283 | 40,000,000 | 43,947,148 | 1.51 | 1.10 | 0.00 |
| Сигнализација и опрема на патишта | 3,304,516 | 15,000,000 | 352,820 | 0.11 | 0.02 | 0.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 470,007,069 | 614,000,000 | 416,951,528 | 0.89 | 0.68 | 0.04 |
| Инвестиционо одржување | 393,744,825 | 550,000,000 | 432,365,320 | 1.10 | 0.79 | 0.04 |
| Експропријација | 287,437,986 | 200,000,000 | 461,274,086 | 1.60 | 2.31 | 0.04 |
| Проектирање | 71,312,110 | 192,100,000 | 57,942,122 | 0.81 | 0.30 | 0.01 |
| Надзор над градежни работи | 293,235,886 | 286,600,000 | 277,984,229 | 0.95 | 0.97 | 0.02 |
| Опрема и Софтвер | 14,157,202 | 7,300,000 | 17,757,681 | 1.25 | 2.43 | 0.00 |
| **Инвестиции од странски кредити** | **5,441,747,011** | **10,212,300,000** | **8,037,473,101** | **1.48** | **0.79** | **0.72** |
| Инвестиции со кредит од **Светска банка** | 1,019,254,871 | 1,899,300,000 | 1,581,196,017 | 1.55 | 0.83 | 0.14 |
| Подобрување на магистрали и регионални патишта | 407,085,962 | 899,300,000 | 1,027,908,148 | 2.53 | 1.14 | 0.09 |
| Унапредување и развој на патиштата | 612,168,909 | 1,000,000,000 | 553,287,869 | 0.90 | 0.55 | 0.05 |
| Инвестиции со кредит од ЕБОР | 1,124,619,885 | 3,810,000,000 | 2,220,876,305 | 1.97 | 0.58 | 0.20 |
| Проект за регионални и локални патишта | 14,989,725 | 40,000,000 | 56,165,688 | 3.75 | 1.40 | 0.01 |
| Проект за електронски систем за наплата на патарина | 174,656,076 | 680,000,000 | 345,229,022 | 1.98 | 0.51 | 0.03 |
| Проект за градба на национални патишта | 371,876,882 | 1,930,000,000 | 1,152,717,695 | 3.10 | 0.60 | 0.10 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Штип - Радовиш, изградба на експресен пат | 563,097,202 | 1,100,000,000 | 573,026,288 | 1.02 | 0.52 | 0.05 |
| Крива Паланка - Деве Баир | 0 | 60,000,000 | 93,737,612 | / | 1.56 | 0.01 |
| Кредит од **Европска Инвестициона Банка** | 15,354,603 | 3,000,000 | 888,623 | 0.06 | 0.30 | 0.00 |
| Инвестиции со кредит од **Ексим Банка** | 3,282,517,652 | 4,500,000,000 | 4,234,512,156 | 1.29 | 0.94 | 0.38 |
| Миладиновци - Свети Николе - Штип, изградба на автопат | 1,351,283,444 | 500,000,000 | 1,666,685,304 | 1.23 | 3.33 | 0.15 |
| Кичево - Охрид, изградба на автопат | 1,931,234,208 | 4,000,000,000 | 2,567,826,852 | 1.33 | 0.64 | 0.23 |

Вкупно реализираните средства за инвестиции во 2019 година изнесуваат 11.129.870.615 денари. Инвестициите во споредба со претходната година бележат зголемување од 39%. Зголемени инвестиции имаме и во делот со сопствени средства и во делот на инвестиции со странски кредити. Најголемо зголемување во однос на претходната година има кај инвестициите од сопствени средства за 43%, и тоа за делот од програмата Градба и рехабилитација на државни патишта, согласно структурната и споредбената анализа.

## 1. ИНВЕСТИЦИИ СО СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА

### 1.1. Градба, рехабилитација и реконструкција на државни патишта, свлечишта, мостови и тунели, осветлување и сигнализација на патиштата

- Сончев град, во должина од 4,4км. Градежните работи комплетно се завршени. Поради појава на свлечиште потребно е да се извршат измени во тек на градба. Во тек е евалуација на Измена и дополна на проект за инфраструктура за Изградба на регионален пат Р2138, врска со регионален пат Р2134, со населбата

Сончев Град. По изработка на проектната документација за Измена и дополна на проект за инфраструктура и одобрување на истиот, ЈП за државни патишта ќе аплицира до МТВрски за измени во тек на градба. По направените измени ќе се изврши технички преглед и ќе се аплицира до МТВрски за употребна дозвола на патот.

- Опае – Бељаковце – Станчиќ – граница со Косово, во должина од 16км. Градежните работи комплетно се завршени. Поради измените настанати во тек на градба, изработена е дополнителна проектна документација од страна на проектант. Измена и дополна на инфраструктурниот проект е одобрен во октомври 2018 година од МТВрски. Аплицирано е до МТВрски да се изврши технички преглед за да може да се добие употребна дозвола за патот.
- Рехабилитација на автопатска делница Неготино – Демир Капија, во должина од 8,8км. Градежните работи за рехабилитација на автопатската делница комплетно се завршени во јуни 2019 година.
- Доизградба на регионален пат крак 1 од Р-418 (фаза 2), на потег фабрика „Вевчанка – Здравствен дом Вевчани, општина Вевчани во должина од 1 км . Потпишан е Договор со Изведувач. Добиено е правосилно одобрение за градење и воведен е Изведувачот во работа. Рок за изградба е до 31.07.2020 година.
- Изградба на регионален пат Старо Коњарево - Ново Коњарево (општина Ново Село - струмичко), во должина од 3,4 км. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува околу 80%. Рок за изградба е до 26.06.2020 година.
- Реконструкција на државен пат Р2133, делница Матејче – Липково, во должина од 3,3км. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува околу 75%. Рок за реконструкција е до 06.06.2020 година.
- Пошумувањето косини на автопатот Миладиновци – Штип за стабилизација и заштита од ерозија е целосно завршено во 2019 година.
- Докомплетирање на градежни работи за изградба на автопат А4, делница Миладиновци - Свети Николе – Штип се очекува да заврши во 2020 година.

➢ Рамковна спогодба за поправка и рехабилитација на државни патишта од А категорија кои ги опфаќаат следните делници:

- Рехабилитацијата на сообраќајна возна лента на државен пат А1 делница Велес (Штипска клучка) – Градско и Градско – Велес (Штипска клучка), во должина од 20,2км. е завршена во мај 2019 година.
- Рехабилитацијата на државен пат А2, делница Колари – Кичево, во должина од 11,4 км. е завршена во август 2019 година.

➢ <u>Рамковна спогодба 2018 година за поправка и рехабилитација на државни патишта кои ги опфаќаат следните делници:</u>

- Рехабилитација на државен пат Р1309, делница Кочани – Пониква, во должина од 12км. Патната делница е завршена во август 2019 година.
- Рехабилитација на државен пат Р2342, делница Тркање – Пишица, во должина од 9,85км. Патната делница е завршена во март 2019 година.
- Рехабилитација на државен пат Р1310, делница Радовиш – Подареш, во должина од 9,85км. Патната делница е завршена во јули 2019 година.
- Рехабилитација на државен пат Р1310, делница Берово – Клепало, во должина од 6,62 км. Патната делница е завршена во октомври 2019 година.
- Рехабилитација на државен пат Р1102, делница Негорци – Гевгелија, во должина од 5,4км. Патната делница е завршена во мај 2019 година.
- Рехабилитација на државен пат Р1107, Транзитен дел низ Кавадарци, во должина од 1,1км. Патната делница е завршена во јуни 2019 година.
- Рехабилитација на државен пат Р1301, делница транзит низ Охрид – десен и лев коловоз во должина од 5,6км. Патната делница е завршена во мај 2019 година.
- Рехабилитација на државен пат Р1208, делница Охрид – Подмоље (кружен тек Евро хотел) во должина од 8,55км. Патната делница е завршена во јуни 2019 година.

- Рехабилитација на државен пат Р1208, делница Подмоље (кружен тек Евро хотел) - Радожда во должина од 4,1км. Патната делница е завршена во јуни 2019 година.

- Рехабилитација на државен пат делница, спој со Р1205 – Злетово – Пробиштип, во должина од 17,3км. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува околу 90%. Рок за завршување е до 19.01.2020 година.

- Рехабилитација на државен пат Р2235, делница Маврово – Никифорово во должина од 6,6км. Патната делница е завршена во октомври 2019 година.

- Рехабилитација на државен пат Р1312, делница Прилеп – Прилепско Езеро во должина од 4,2км. Патната делница е завршена во септември 2019 година.

- Рехабилитација на државен пат Р1204, делница Кадрифаково - Штип во должина од 7,0км. Патната делница е завршена во јуни 2019 година.

- Рехабилитација на државен пат Р2132, делница Калуѓерец - Растеш во должина од 7,4км. Патната делница е завршена во јули 2019 година.

- Рехабилитација на државен пат А3, Транзит низ Делчево (лев и десен коловоз) во должина од 3,9км. Патната делница е завршена во август 2019 година.

- Рехабилитација на државен пат А3, делница Макази - Ресен во должина од 2,7км. Патната делница е завршена во септември 2019 година.

- Рехабилитација на државен пат А4, делница Радовиш – Струмица и Р1403, делница Василево - Добрејци во должина од 5,5км. Патните делници се завршени во октомври 2019 година.

- Рехабилитација на државен пат А2, делница Гостивар (мост кај с.Здуње) – Гостивар (Наплатна станица) во должина од 4,58км. Патната делница е завршена во декември 2019 година.

➢ Рамковна спогодба 2019 година за поправка и рехабилитација на државни патишта кои ги опфаќаат следните делници:

- Рехабилитацијата на државен пат Р2243 делница, Струга (врска со Р1201) - Дрслајца - Биџево - Д.Татеши – Мислодежда во должина од 7,0км, започната е во ноември 2019 година. Рок за завршување е до септември 2020 година.
- Рехабилитацијата на државен пат Р2241 делница, врска со Р1201 – Лабуниште – Бороец – Јабланица во должина од 11,80км, започната е во октомври 2019 година. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува околу 50%, а рокот за завршување е до октомври 2020 година.
- Рехабилитацијата на државен пат Р2240 делница, врска со Р1201 - Вевчани - Октиси - врска со А2 во должина од 7,90км, започната е во ноември 2019 година, а рокот за завршување е до септември 2020 година.
- Рехабилитацијата на државен пат Р1101 делница,Прилеп - Тополчани – Битола во должина од 15,05км, започната е во октомври 2019 година. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува околу 50%. Рокот за завршување е до август 2020 година.
- Рехабилитацијата на државен пат Р2337 делница, Крушево - Слива - Пуста река во должина од 14,00км, започната е во октомври 2019 година. Рокот за завршување е до август 2020 година.
- Рехабилитацијата на делницата на државниот пат Р1105 врска со државен пат Р1401 (Раброво) - ГП Дојран во должина од 7,80км, започната е во октомври 2019 година. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува околу 15%, а рокот за завршување е до август 2020 година.
- Рехабилитацијата на државен пат Р1207 делница Пелинце - ГП Пелинце во должина од 4,90км, започната е во октомври 2019 година. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува околу 90%. Рокот за завршување е до март 2020 година.
- Рехабилитацијата на државен пат Р2134 делница Сопиште - Долно Соње во должина од 3,70км, започната е во ноември 2019 година. Рок за рехабилитација е до јуни 2020 година.
- Рехабилитацијата на државен пат Р1103, транзит низ Кавадарци во должина од 1,20км, започната е во декември 2019 година. Рокот за завршување е до декември 2020 година.

- Рехабилитацијата на државен пат Р1107 делница, Мушов гроб – Мрежичко во должина од 6,30км, започната е во октомври 2019 година. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува околу 45%. Рокот за завршување е до август 2020 година.
- Рехабилитација на државен пат А1 делница, Смоквица – Удово и државен пат Р1401, врска со државен пат Р1105 - Брајковци - Балинци - Марвинци - врска со државен пат А1 во должина од 6,10км., започната е во октомври 2019 година. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува околу 45%. Рокот за завршување е до август 2020 година.
- Рехабилитација на делницата од државен пат А1, врска со Р1103 (Возарци) - Раец – Фариш во должина од 9,10км, започната е во ноември 2019 година. Рокот за завршување е до ноември 2020 година.
- Рехабилитација на државен пат Р2243 делница Мислодежда – Збажди во должина од 7,30км, започната е во декември 2019 година. Рокот за завршување е до октомври 2020 година.
- Рехабилитација на државен пат А3, транзит низ Охрид во должина од 1,88км, започната е во декември 2019 година. Рокот за завршување е до декември 2020 година.

- Изградба на мост на државен пат Р2136 на река Пчиња кај Коњаре, започнат е во октомври 2018 година. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува околу 65%. Рокот за изградба е до 10.07.2020 година.

- За Осветлување на раскрсници, клучки, тунели и мостови на државните патишта, потпишан е договор со Изведувачот. Рокот за изведување на работите е 15 месеци од воведување во работа. Изведувачот е воведен во работа на 17.04.2019 год., со краен рок до 17.07.2020 година. Во текот на 2019 година изведено е ЛЕД осветлување на раскрсниците Другово и Овче Поле и истото е пуштено во пробна работа, со што е осветлена патна делница во должина од околу 1,52 километри. Вкупно се поставени 43 канделабри со 43 ЛЕД светилки. Исто така, поставени се столбови, кабли, ормари и др., а во тек се изведување на работи за осветлување

на мост и клучка Велес југ, мост и клучка Катланово и осветлување и сигнализација на тунели Демир Капија 1 и 2 на магистрален пат А1. Вкупно изведените работи изнесуваат околу 74%.

- За Опрема за видео надзор во тунели, превои и делници, потпишан е договор со Изведувачот. Договорот е склучен на 6 месеци сметано од денот на стапување во сила на истиот. Опремата по договорот е испорачана во согласност со техничката спецификација во рок од 45 дена од воведување во работа. Во текот на 2019 година, во тунелите Демир Капија 1 и 2 на магистрален пат А1, поставени се 38 статички камери, четири PTZ камери, една тастатура за PTZ камери, два NVR уреди и четири монитори од 55" со пропратна опрема и истите се пуштени во работа. Опремата е поставена за видео надзор на возилата во тунелите Демир Капија 1 и 2 и во Контролниот Центар Неготино. Работите се во целост реализирани.

- За Систем за ПП заштита и дојава на пожар на придружни објекти и алармен систем на Коридор 8, потпишан е договор со Изведувачот. Договорот е склучен на 45 дена и стапи во сила од денот на потпишување на истиот. Наведените системи се испорачани во согласност со техничката спецификација во рок од 30 дена по доставување на Барање од страна на Договорниот орган. Во текот на 2019 година во придружните објекти на наплатните станици Миладиновци, Глумово, Желино, Тетово и Гостивар на Коридор 8, поставени се пет алармни системи и пет системи за ПП заштита со сензори и пропратна опрема и истите се пуштени во употреба. Опремата е поставена за ПП и противпровална заштита. Работите се во целост реализирани.

- Договорите за Набавка за одржување на фотокопир апарати, Систем за бекап на клиентски компјтери, Систем за мониторинг и достапност на перформансите на ИТ инфраструктурата во ЈПДП, Компјутери и компјутерска опрема и Набавка со инсталација на пасивна и активна компјутерска мрежна опрема, се склучени и 100% реализирани во текот на 2019 година.

- Договорот за набавка, инсталација и одржување на бројачи за сообраќај е склучен со Изведувачот во 2017 годинаво времетраење од три години, односно до 19.04.2020 година. Во текот на 2019 година поставени се фиксни автоматски бројачи на сообраќај на 69 локации на државните патишта и 10 мобилни бројачи за сообраќај. До крај на 2019 година се реализирани околу 94% од вкупната вредност на договорот.

- Санацијата на свлечиште на државен пат Р2238, делница Маврово – Галичник е во тек, останува изработка на насип и асфалтирање на патот. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува околу 70%, а рокот за изградба е до 15.07.2020 година.

- Рехабилитација на регионален пат Р1202, делница за манастир свети Јован Крстител (Бигорски). Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува околу 60%, а Рок за изградба е до 20.07.2020 година

- До крајот на 2019 година беа завршени следните проекти:
  - Санација на мост над река Вардар на регионален пат Р1103, делница Лакавица Неготино (Пепелиште)
  - Санација на мост над Железница на регионален пат Р1103, делница Лакавица Неготино.

### 1.2. Инвестициско одржување

Согласно Договорот за одржување склучен со ЈП Македонијапат, во позицијата 4.1. Надградување и поправка на коловози во 2019 реализирани се работи на следните патни правци:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Р2249 | Жупа –Брештани- Кочаџик-Новак |
| 2 | Р29278 | Спој А2-Неготино Полошко |
| 3 | Р1203 | Непроштено -Пршовце |
| 4 | Р1203 | Вратница – г.п. Јажинце (кај с. Непроштено) |
| 5 | Р1206 | Пирок-Боговиње – Врапчиште (транзит низ Боговиње) |
| 6 | Р2231 | Гостивар – Србиново, |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | P2250 | Спој А2-Луке-Киселица-Дубровница |
| 8 | P2239 | Спој А4 - Стенковец |
| 9 | P2239 | Танушевци - гр. со Косово |
| 10 | P1209 | Тетово - Попова шапка |
| 11 | P2234 | Сарај - Радуша |
| 12 | P2344 | P2344, спој P1312, Чашка – Стари Град |
| 13 | P2344 | Чашка – Лисиче |
| 14 | P1103 (P29173) – обиколка Неготино- Тимјаник | |
| 15 | P2137 | Мост на р.Вардар – Војшанци |
| 16 | P2137 | Д.Капија – Корешница-Бистренци |
| 17 | P1102 | Спој А1 (кл. Демир Капија – Д.Капија) |
| 18 | P1102 | Смоквица – Прдејци |
| 19 | А2 | Транзит низ Кичево |
| 20 | P2336 | Гостиражни (Долнени) - Црнилиште – Петле (Богомила) |
| 21 | P29371 P1305 | Слоештица-Боиште |
| 22 | P1303 | Транзитен дел низ Мак. Брод (ул. Маршал Тито) |
| 23 | P1311 | Рапеш-Старавина |
| 24 | P29175 | Могила-Радобор – Будаково |
| 25 | P1101 | кл. Крклино-влез Битола-б.п. Лукоил – Братин Дол |
| 26 | P2338 | Скочивир – Коњарка |
| 27 | P2339 P2335 | Воѓани - Бучин (Света) |
| 28 | P2333 | Бистрица - Драгош |
| 29 | P1402 | Мокриево – Мокрино |
| 30 | P2432 | Градошорци – спој А4 |
| 31 | P2434 | Белотино – Рич |
| 32 | P29471 | Злеово – спој со А4 |
| 33 | P2334 | Зрновци – Лески – Виница |
| 34 | P1310 | транзитен дел низ Берово (ул.Моша Пијаде) |
| 35 | P2345 | Трсино-Бигла |
| 36 | P1302 | Делчево – Пехчево |

## 1.3. Инфраструктурни проекти

Во фаза на изработка се следниве Проекти:

- Изработка на Инфраструктурен и Основен проект за државен пат А2, делница Букојчани – Кичево (варијанта со тунел);
- Изработка на проектна документација за Струмица – Валандово – Спој со А1;
- Изработка на проектна документација за реконструкција и рехабилитација на државниот пат Р1109;
- Изработка на проектна документација за рехабилитација на државни патишта финансирани од ЕБОР (фаза 1);
- Изработка на проектна документација за рехабилитација на државни патишта финансирани од ЕБОР (фаза 2);
- Изработка на проектна документација за рехабилитација на автопатски делници: Хиподром-Миладиновци, Миладиновци-Петровец и Петровец-Хиподром;
- Изработка на проектна документација за реконструкција на делницата Струмица - Дабиле;
- Изработка на проектна документација за експресен пат делница Битола – Меџитлија, со обиколница на Битола;
- Докомплетирање на проектна документација за автопат Кичево – Охрид;
- Изработка на проектна документација за државен пат А3, Обиколница на Ресен;
- Изработка на проектна документација за реконструкција со проширување на регионален пат Р1109 делница Понов Мост – влез во Богданци;
- Докомплетирање на постоечка проектна документација и изработка на Инфраструктурен проект за реконструкција со проширување на регионален пат Р2236, делница Свети Николе - Неокази;
- Изработка на проектна документација за реконструкција и рехабилитација за државен пат Р2133, делница Ропалце – Матејче;

- Изработка и комплетирање на проектна документација за поврзување на идниот Автопат А4, делница Миладиновци – Свети Николе – Штип (клучка Средно Коњаре) со регионалниот пат Р2136
- Изработка на проектна документација за поставување сообраќајна сигнализација и опрема на државен пат А3, делница Буково – Охрид.

## 1.4. Експропријација

Во 2019 година исплати се вршени по основ на спогодби за експропријација, судски порамнувања, судски решенија и решенија за времени застапници во постапките за експропријација за следните проекти:

- Изградба на Автопат А2 Кичево – Охрид во должина од 56,7 км; Автопатот А2, делница Кичево-Охрид е поделен на 5 подделници. Постапката за експропријација на земјиште за главната траса е спроведена. Постапката за експропријација на вкупно 17-седумнаесет одлагалишта и 5-пет клучки (Арбиново, Издеглавје, Ботун, Мешеиште и Извор) е спроведена. Постапката за експропријација на Денивелиран патен јазол Требениште, на Патен јазол Подмоље и Патен јазол Аеродром Св.Апостол Павле е спроведена. Исто така спроведена е постапката и за 9-девет косини. Во текот на 2019 година е започната постапка за експропријација на четири дополнителни косини и истата до крајот на 2019 година е завршена околу 90%. Во тек се вонпарнични постапки за утврдување на надомест за експроприран имот пред Основен суд Кичево и Охрид и Апелационен суд Битола и Гостивар. Во текот на 2019 година од објектите што се наоѓаат на траса решени се сите освен два објекти кои остануваат за рушење.

- Изградба на Автопат Миладиновци-Свети Николе-Штип во должина од 47 км; Постапката за експропријацијата на земјиштето е завршена, останати се само неколку постапки кои се водат пред основните судови за определување надоместок за експропријаниот имот. При крајот на 2018 година е отпочната постапка за експропријација на косини долж Автопатот и заклучно со 2019 процентот на спроведена експропријација беше 98%. Моментално е при крај постапката за експропријација, се решаваат и последните катастарски парцели.

- Изградба на А1 Прилеп-Градско од мост на река Раец преку ДПЈ Дреново до ДПЈ Градско во должина од 25,7 км; Постапката за експропријацијата на земјиштето заклучно со 2019 година е завршена 99%, во тек се неколку постапки за определување надоместок за експроприран имот. Во 2019 година е донесена Одлука за предавање во владение на земјиште на две катастарски парцели, со што се створени услови за предавање на овие парцели на Изведувачот.
- Рехабилитација и подобрување на коловозот на државен пат Р2133 делница с. Ропалце до с. Матејче и Реконструкција и рРехабилитација на делови од регионалниот пат Р2133 делница Матејче-Липково; Постапката за експропријацијата заклучно со 2019 година е завршена 100%, во тек се неколку постапки за определување надоместок за експроприран имот.
- Изградба на А2 делница Ранковце-Крива Паланка на ниво на експресен пат поделен во 2 лота со 10 одлагалишта, лот 1 од км 0+000 до км 10+308 и лот 2 од км 10+308 до км25+850; Постапката за експропријацијата на земјиштето за експресниот пат и 10-те одлагалишта продолжи во текот на 2019 година. Заклучно со 2019 година се спроведе 99% од земјиштето за 10 одлагалишта и 99% за земјиштето на лот 2. Во текот на 2019 година интензивно се водеа вонпарнични постапки за утврдување на надомест за експроприран имот пред Основен суд Крива Паланка и Апелационен суд Скопје, така што до крајот на 2019 година од околу 300-триста тековни постапки, правосилно завршени и исплатени беа околу 240 судски постапки.
- Изградба на експресен пат А3 Штип-Кочани, прва секција од км 0,00 до км 14+300 и втора секција од км 14+300 до км 28+057,44. Постапката за експропријација за првата секција од км 0,00 до км 14+300 е целосно завршена. За оваа секција кон крајот на 2019 година е завршена постапката за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно неизградено земјиште и од страна на Владата на Република Северна Македонија е донесена Одлука за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно неизградено земјиште. За втората секција од км 14+300 до км 28+057,44 до крајот на 2019 година, постапката за експропријација е речиси целосно завршена со тоа што останува да се експроприра само уште една катастарска парцела. Во текот на оваа година е почната постапката за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно неизградено земјиште пред Министерството за

земјоделство, шумарство и водостопанство. Во тек се вонпарнични постапки пред надлежните судови за определување надоместок за експроприрана недвижност.

- Изградба и реконструкција на делница Старо Коњарево – Ново Коњарево како дел од државен пат Р1402 (Р-605); Постапката за експропријација на земјиштето е започната во текот на 2017 година и заклучно со декември 2019 година експропријацијата е завршена 98%.

- Изградба на државен пат А4, делница Штип- Радовиш од км 7+463,31 до км 37+200,00; Постапката за експропријација на земјиштето е започната во текот на 2017 година и до крајот на 2019 година експропријација на земјиштето за овој дел е на 100%. Во тек на месец април 2018 година, исто така е започната постапката за експропријација на земјиштето од км 5+066.00 до км 7+413.49, и експропријацијата во овој дел е завршена со 100% до крајот на годината. Во текот на 2019 година, отпочната е постапка за експропријација за подделницата од км -3+213.51 до км 5+066.40-и заклучно со декември 2019 е завршена 97,3%. Во 2019 година е завршена постапката за пренамена на земјоделско земјиште во градежно за подделниците од км 5+066.00 до 37+200,00. Во тек е и постапката за пренамена на земјоделско земјиште во градежно која се води пред Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанско за подделницата од км -3+213.51 до км 5+066.40

- Изградба на државен пат Р2246, делница Гарски мост-Ехловец (Извор) од км 8+223,22 до км 16+000,22; Експропријацијата е започната во текот на месец февруари 2017 година и заклучно со 2019 година експропријацијата е завршена 90%.

- Изградба на обиколен пат околу село Вевчани во правец кон село Октиси. Експропријацијата е започната во текот на месец април 2017 година, а заклучно со декември 2019 година експропријацијата е целосно завршена. Во тек е постапка за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно неизградено земјиште. Пред Основниот суд во Струга во тек се неколку постапки за определување на надоместок за експроприрано земјиште.

- Изградба на нов мост бр.4 на река Пчиња на регионален пат Р2136, на делница Ржаничино-Долно Коњаре на км 7+165,00 КО Долно Коњаре, Општина Петровец.

Постапката за експропријација е отпочната на крајот на месец декември 2018 година. Во 2019 година е спроведена постапка за експропријација и истата е завршена 60%.

- Реконструкција и рехабилитација на магистралниот пат А2, делница Крива Паланка - граничен премин Деве Баир; Експропријацијата е започната во месец мај 2018 година, а заклучно со декември 2019 година експропријацијата е завршена 99%. Во тек се постапки за определување на надомест за експроприран имот пред Основниот суд Крива Паланка.

- Реконструкција и рехабилитација на А3/Р1312 (делница Велес-Кадрифаково како експресен пат, VI секција). Во текот на 2019 година се преземени сите активности за комплетирање на документацијата потребна за добивање на одобрение за употреба на предметната делница и истото е добиено во месец декември 2019 година.

- Изградба на патен јазол Смилковци на траса на Северна обиколница – Скопје; Во текот на 2019 година се преземени сите активности за комплетирање на документацијата потребна за добивање на одобрение за употреба на предметната делница и истото е добиено во месец септември 2019 година.

- Наплатни станици на Коридор 10. Во текот на месец Октомври 2018 година, отпочната е постапка за експропријација за пет (5) наплатни станици, и тоа за: Отовица, Петровец, Гевгелија, Сопот и Демир Капија. Постапката за експропријација за овие пет наплатни станици е завршена. Во текот на 2019 година се преземени активности за постапките за пренамена на земјоделското земјиште во градежно и активности за комплетирање на потребната документација за постапката за добивање на одобрение за употреба.

- Изградба на нов мост на река Луда Мара К.О. Ваташа- Кавадраци, при крајот на 2018 година, отпочната е постапка за експропријација. Во текот на 2019 година постапката за експропријација е прекината поради недостатоци во техничката документација и поведена е постапка за измена и дополнување на проектот за инфраструктура.

- Државен пат Р29272 делница Опае-Баленовце-Станчиќ, проширување на косини. При крајот на 2018 година, е отпочната постапка за трајна експропријација, а заклучно со декември 2019 година експропријацијата беше реализирана до 95%.

Графички приказ: Учество на поединечите во вкупните инвестиции од сопствени средства



## 2. Инвестиции со странски кредити

### 2.1 Проекти финансирани со заем од Светска банка

Договорот за Заем од Светска Банка за финансирање на Проектот за рехабилитација на магистрални и регионални патишта склучен е на износ од 52.000.000 ЕУР. Крајниот рок за затворање на заемот е 2019 година, а салдото на неповлечени средства од кредитот изнесува 22,02 мил.ЕУР.

Во текот на 2019 година се завршени следните државни патишта: Проектирање и рехабилитација на 12 државни патишта групирани во следните 4 групи: Лот 1: Младо Нагоричане – Пелинце; Куманово – Свети Николе; Тетово – Попова Шапка; Лот 2: Јурумлери – Драчево; Битола – Демир Хисар; Драчево – Орешани – Таор; Лот 3: Делчево – Звегор; Делчево – Пехчево; Берово – Виница; Лот 4: Струмица – Ново Село; Кавадарци – Росоман; Фурка – Богданци – Гевгелија, како и свлечиштата и нестабилните зони на Регионалниот пат Р1202, Маврово – Дебар на км. 43+100.

Проект финансиран со средства од Светска Банка е и Изградбата на нов експресен пат – делница: Ранковце-Крива Паланка, со должина од 23 км. Вкупната инвестиција за изградба на експресен пат делница Ранковце-Крива Паланка ќе биде во износ од 58,1 милиони евра. Градежните работи започнаа на 23.05.2018 година и до крајот на 2019 прогресот изнесува 24%.

Проблеми:

- Третирањето на археолошките наоѓалишта на трасата
- Недостатоци во проектната докуметација
- Дислокација на постоечка инсталација (ЕВН итн.).

### 2.2 Проекти финансирани од Европска банка за обнова и развој

Договорот за Заем од Европска Банка за обнова и развој за финансирање на Проектот за постојните регионални и општински патишта склучен е на износ од 50.000.000 ЕУР. Делницата Велес – Кадрифаково, III фаза, Лозово – Сарамзалино –

Кадрифаково е комплетно завршена во 2017 година. Во 2019 година завршен е и паралелниот пат кај Кадрифаково.

Договорот за Заем од Европска Банка за обнова и развој за финансирање на "Изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини во Република Македонија" склучен е на износ од 15.880.000 ЕУР. Со овој договор се опфатени модернизација на 3 постоечки наплатни станици и изградба на 4 нови наплатни станици долж Коридорот 10. Проектирањето за сите наплатни станици е завршено во тек на месец септември 2016 год. Градежните работи на првата Наплатна Станица Романовце комплетно се завршени во 2017 година . Наплатните станици Сопот и Отовица се комплетно завршени во текот на 2018 година. Во 2019 година пуштени се во употреба наплатните станици Петровец, Градско и Гевгелија. Наплатната станица Демир Капија ќе биде комплетирана во текот на 2020 година.

Договорот за Заем од Европска Банка за обнова и развој за финансирање на Проектот за магистрални патишта склучен е на износ од 181.000.000 ЕУР.

Преку овој договор се финансира изградбата на експресен пат А1, Градско – Прилеп, делница Фариш – Дреново (10,197 км). Договор со Изведувачот е потпишан во Јануари 2016. Раскинат е Договорот со изведувачот на работите. Случајот е на арбитража. Преостанатите градежни работи ќе бидат изведени по распишување на нова постапка за избор на најповолен понудувач во текот на 2020 година.

Кон крајот на 2016 година е избран најповолен понудувач за изградба на експресен пат Штип – Крупиште. Изградба на нов експресен пат на делница Штип – Кочани, во должина од 28 км, 1 фаза е Штип – Крупиште и 2 фаза Крупиште – Кочани. Градежните работи започнаа во 2017 година и до крајот на 2019 прогресот изнесува околу 80%. Се очекува да биде пуштен патот во употреба во јуни 2020 година.

Проблеми:

- Неусогласеност на проектната документација со реалната состојба на терен
- Недостатоци во проектната докуметација

- Непредвидени геолошки услови при ископ и изведба на насипи
- Подземна и надземна инфраструктура која се евидентира и е во тек се процедури со сопствениците на тие инсталации за нивна дислокација или заштита (ЕВН, Мепсо, Телеком, Неотел итн.).
- На дел од новопроектираната траса е во колизија со асфалтната база на Изведувачот Синохидро кој има валидна дозвола за работа.

На втората делница од Крупиште до Кочани до крајот на 2019 година прогресот на градежните работи изнесуваше 10%. Краен рок за завршување на делницата е 2021 година.

Рехабилитација и реконструкција на 7 патишта преку ЕБОР. Рок: Септември 2019 за Лот 3 и Лот 7, Октомври 2019 за Лот 1, Јули 2020 за Лот 4, Лот 5 и Лот 6, Август 2020 за Лот 2. Статус: Сите изведувачи се воведени во работа на 01.03.2019 година.

- Лот 1 Рехабилитација на магистрален пат А3, обиколница на Кочани L=6km / Октомври 2019 / завршен
- Лот 2 Рехабилитација и Реконструкција на регионален пат Р1205, делница Пробиштип – Крупиште L=18km/ Август 2020
- Лот 3 Рехабилитација на регионален пат Р2133, делница Куманово - Опае L=6km /завршен
- Лот 4 Рехабилитација на регионален пат Р1104, делница Куманово - Никуштак L=11km/ Јули 2020 / завршен
- Лот 5 Рехабилитација на регионален пат Р1204, делница Куманово – Свети Николе L=32km / 90% завршен во 2019 година.
- Лот 6 Рехабилитација на магистрален пат А2, делница Ранковце – Крива Паланка L=21km / 50% завршен во 2019 година.
- Лот 7 Рехабилитација на магистрален пат А4, делница Штип - Радовиш L=21km завршен

Договорот за Заем од Европска Банка за обнова и развој за финансирање на Штип - Радовиш склучен е на износ од 64.000.000 ЕУР. Во текот на 2017 година водена е тендерска постапка за избор на најповолен понудувач за изградба на фаза 1 од

делницата Штип-Радовиш (во должина од 23,56 км.) која ќе се гради по нова траса. Во текот на 2019 година изведувачот на работите реализираше околу 70% од предвидените градежни активности.

Договорот за Заем од Европска Банка за обнова и развој за финансирање на делницата Крива Паланка – Деве Баир склучен е на износ од 10.000.000 ЕУР средства од ЕБОР и 2,5 милиони евра неповратна помош од Европска Унија. Во текот на 2019 година е избран изведувач на работите. Рокот за комплетирање на работите е 2021 година.

## 2.3 Проект за техничка помош при имплементација на проектот за доизградба на Коридор X, делница Демир Капија - Смоквица, финансиран од ЕИБ

Со средства од Европската Инвестициска Банка се финансираат консултантски услуги за техничка помош при имплементација на Проектот за доизградба на Коридор X, делница Демир Капија-Смоковица. Договорот трае 74 месеци и е потпишан со компанијата Safege од Франција.

Во согласност со член 5 од Законот за задолжување на Република Македонија со првиот дел од Заемот од ЕИБ, финансискиот договор за проектот за изградба на автопатот на Коридор 10, делница Демир Капија-Смоквица, повлекувањата на средствата по наведениот проект ги спроведува Министерството за финансии, согласно процедурите наведени во финансискиот договор, додека плаќањата за предметниот договор ги спроведува ЈПДП.

## 2.4 Проекти финансирани од Кинеската Ексим Банка

Во текот на мај 2014 година отпочната е изградбата на автопатот Миладиновци – Штип во должина од 47 км. Согласно склучениот договор за изградба на автопат Миладиновци-Штип со изведувачот Синохидро Корпоратион лимитед Кина, рокот за завршување на работите предвиден со договорот е 01.05.2017 година. Во текот на 2018 година од страна на надзорот над изградбата на автопатот

Миладиновци-Штип доставени се дописи со укажување за продолжување на рокот за завршување на проектот и дадено мислење дека треба да се скучи Анекс на договорот за продолжување на крајниот рок за завршување до 31.12.2018 година, без финансиски надомест. Како причина за продолжување на рокот се наведени неповолните временски услови. Комплетирани се 98 км асфалт, од вкупно 139 плочасти и цевасти пропусти, завршени се околу 99%. Завршени се сите армирано бетонски потпорни ѕидови. На мостовските конструкции прогресот е 99%. Вкупниот прогрес на градежните работи заклучно со декември 2018 година е 98%. На 5 Јуни, 2019 година патот е пуштен во употреба под времен режим на сообраќај.

Договорот за Заем со Ексим Банка - Кина за изградба на автопатот Миладиновци – Штип склучен е на износ од 278.374.072 УСД. Салдото на неповлечени средства изнесува 64.674.440 УСД.

Договорот за изградба на патна делница Кичево – Охрид број 08-9012/1 од 12.11.2013 година е склучен помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта како инвеститор и изведувачот Sinohydro Corporation Limited, со рок за завршување на работите до 29.01.2018 година. Вредноста на договорот е 411.287.800,07 евра, од кои 90% се обезбедени со заем од Ексим банка и се исплаќа во УСД и 10% од инвеститорот во МКД. Во текот на мај 2014 година отпочната е изградбата на автопатот Кичево – Охрид како дел од Коридор 8, со должина од 56,7 км. Пробиени се околу 95% од трасата. Се изведуваат земјани работи, 142 пропусти се завршени, а на 5 пропусти се работи, 21 потпорни ѕидови се завршени, а на 11 се работи, како и на 3 мостови 28 вијадукти, 13 натпатника и потпатника и на клучките Арбиново, Издеглавје, Ботун, Мешеишта и Подмоље. Асфалтирано е со прв и втор слој од асфалт на 215.000 м$^2$ и извршена е рехабилитација на постоечкиот магистрален пат 83.800 м$^2$ или 25.15 км со ширина на коловоз од 10.25 м и 4.0 км со ширина на коловоз од 7.75м. Тунелот е пробиен, примарната конструкција е завршена, секундарната конструкција е завршена со вкупна должина од 4011м' (во два правци). Вкупниот прогрес на градежните работи изнесува 76,65%.

Во текот на 2017 година и претходно надзорот над изградбата на автопат Кичево-Охрид има доставено повеќе дописи со кои укажува на проблеми на траса

поради неусогласеност на проектната документација со реалните услови на терен, променливата геологија, појавената потреба од препроектирање на постоечка документација (препроектирање на тунелот за кој немало геомеханичи испитувања и погрешна категоризација, препроектирање речиси на сите потпорни зидови, поголем дел од усеците, вијадуктите, мостовите, натпатниците, потпатниците, плочестите, цевастите пропусти и друго), дислокација на електро водовите, експропријација на објекти на траса, како и изработка на нова проектна документација за позиции кои не беа предвидени со Основниот Проект, а се неопходни за правилно функционирање на Автопатот и појавена потреба од дополнителни и нови работи, а со тоа и зголемен обем на работа. Надзорот укажува за потребата од продолжување на рокот за завршување на работите и за потребата од дополнителни финансиски средства.

Во текот на месец ноември 2017 година се започна со интензивни разговори и одржани се многу состаноци со изведувачот Синохидро Корпоратион Лимитед, на кои присуствуваа преставници од кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, заради продолжување на рокот за завршување на работите, надминување на многубројните проблеми во врска со изградбата на автопатот и изнаоѓање на најдобро можно решение за целосна реализација на проектот од јавен интерес, за кој имаше укажување од надзорот дека доколку се прекине, штетните последици по однос на инвеститорот ќе бидат многу големи.

Исто така, во текот на 2018 година интензивно се продолжи со разговори и се одржаа многу состаноци со изведувачот Синохидро Корпоратион Лимитед, на кои присуствуваа и преставници од кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, претставници на Министерство за транспорт и врски и Министерство за Финансии, се со цел да се изнајдат решенија за надминување на проблемите во врска со изградбата на автопатот. Надзорниот орган над изградбата на автопат Кичево-Охрид достави повеќе дописи со

Укажувања од кои се јави потреба за потпишување на Анекси кон Основниот Договор и тоа:

- Анекс бр.1 склучен на ден 04.05.2018 година со кој рокот на завршување на работите е продолжен до 30.06.2021 година. Договорните страни се откажаа од меѓусебни побарувања настанати пред датумот на потпишување на анексот, како и заклучно со 31.07.2018 година, а инвеститорот се обврза да ги преземе сите потребни активности пред банката-давател на заемот за продолжување на рокот за повлекување на парични средства според договорот за заем, согласно новиот рок за завршување на работата.
- Анекс бр.2 склучен на ден 24.08.2018 година се однесува на пренамена на преостанатите парични средства од Основниот Договор и истите да се искористат за изведување на работи по неопходен редослед во процесот на изведување на работите и оформување на функционални делови по должината на трасата, до обезбедување на дополнителни парични средства.
- Анекс бр.3 склучен на ден 16.11.2018 година со кој изградбата на 8 патни јазли (фаза 2) и еден алтернативен пат се вклучени како составен дел на работите на изградба на автопатот, како нужни и неопходни за целосно завршување на проектот. Заради потребата од изведување на непредвидени и дополнителни градежни работи договорните страни се договорија вредноста на основниот договор да се зголеми за дополнителни 186.786.869,96 евра, согласно прифатени прогнозирани предмер пресметки. Инвеститорот и Изведувачот се откажаа од оштетни побарувања заклучно со 30.06.2020 година. Со Анекс бр.3 се предвидува дека истиот ќе влезе во сила и ќе стане правно обврзувачки единствено доколку бидат обезбедени финансиски средства и доколку законот за обезбедување со државна гаранција на соодветниот договор за заем е донесен од републичкото собрание и објавен во службен весник.

Анексите беа потпишани по усвојување на измени на Законот за реализација на инфраструктурни објекти за изградба на автопат Миладиновци-Штип и автопат

Кичево Охрид од страна на Собранието на Република Македонија на 11 април 2018 година, на 11 септември 2018 година и на 14 ноември 2018 година, соодветно.

Во текот на 2019 година Експорт-импорт банка Кина одобри продолжување на рокот за повлекување на средства од основниот договор за заем и одобри дополнителен заем во износ од 179.694.572,507 американски долари потребни за изведување на дополнителни непредвидени работи на проектот. Во врска со дополнителниот заем Собранието на Република Северна Македонија донесе Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за изградба на Автопат – делница Кичево-Охрид, кој ќе се склучи меѓу Експорт-импорт банка Кина и Јавното претпријатие за државни патишта, објавен во Службен весник на РСМ бр. 244 од 26.11.2019 година. На ден 12.12.2019 година се потпиша Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за изградба на Автопат – делница Кичево-Охрид помеѓу Експорт-импорт банка Кина и Јавното претпријатие за државни патишта.

Графички приказ: Учество на поединечните во вкупните инвестиции од средства од кредити




Подобрување на магистрали и регионални патишта СБ
Унапредување и развој на патиштата СБ
Проект за регионални и локални патишта ЕБОР
Проект за електронски систем за наплата на патарина ЕБОР
Проект за градба на национални патишта ЕБОР
Штип - Радовиш, изградба на експресен пат ЕБОР
Крива Паланка - Деве Баир ЕБОР
Коридор 10 ЕИБ
Миладиновци - Свети Николе - Штип, изградба на автопат ЕБ
Кичево - Охрид, изградба на автопат ЕБ
13%
7%
1%
4%
14%
7%
1%
0%
21%
32%

## VII. ЈАВНИ НАБАВКИ

Јавните набавки на ЈПДП во текот на 2019 година се вршеа согласно усвоениот План за јавни набавки, кој поради новонастанати потреби, во текот на годината беше изменет и дополнет четири пати.

Во текот на 2019 година ЈПДП спроведе постапки за следните јавни набавки и за кои има и склучени договори:

| Ред. Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Вредност на договор со ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | Рехабилитација на регионален пат Р1202, делница за Манастир Свети Јован Крстител (Бигорски) | 23.280.027,47 |
| 2 | Услуги за транспорт на вработени во времетраење од две години | 41.995.464,00 |
| 3 | Одржување систем за видео надзор и комуникациска опрема на наплатни станици и гранични премини | 1.416.000,00 |
| 4 | Набавка со одржување на фотокопир апарати | 2.382.641,00 |
| 5 | Одржување на агрегати | 1.180.000,00 |
| 6 | Одржување на ЛЕД дисплеи | 944.000,00 |
| 7 | Надзор над докомплетирање на градежни работи за изградба на автопат А4, делница Миладиновци – Свети Николе – Штип | 8.838.200,00 |
| 8 | Одржување на електроенергетски објекти, осветлување и светлосна сигнализација | 29.500.000,00 |
| 9 | Одржување на бетонски куќарки за броење на сообраќај | 7.080.000,00 |
| 10 | Web хостинг во времетраење од две години | 155.760,00 |
| 11 | Авионски билети и хотелско сместување во времетраење од три години | 3.540.000,00 |
| 12 | Поправка и рехабилитација на државни патишта | 944.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Надзор за изградба на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), Подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. "Блаце" | 24.715.100,00 |
| 14 | Сервисирање и тековно одржување на фискални печатари | 1.770.000,00 |
| 15 | Рачно броење на сообраќај со мобилни бројачи на возила | 1.770.000,00 |
| 16 | Систем за бекап на клиентски компјутери | 524.475,00 |
| 17 | Одржување на лифтови во времетраење од две години | 141.600,00 |
| 18 | Систем за мониторинг и достапност на перформансите на ИТ инфраструктурата во ЈПДП | 1.044.750,00 |
| 19 | Лиценци за антивирус софтвер и софтвер за канцелариско работење | 369.705,00 |
| 20 | Експресно пренесување на пратки-брза пошта во времетраење од две години | 800.000,00 |
| 21 | Одржување, поправка и сервис на возила | 2.950.000,00 |
| 22 | Услуги за мобилна телефонија во времетраење од две години | 5.310.000,00 |
| 23 | Одржување на систем за евиденција на работно време | 354.000,00 |
| 24 | Канцелариски материјали | 567.530,00 |
| 25 | Кафе и други материјали за приготвување на топли напитоци | 649.000,00 |
| 26 | Градежно санациски работи на мост бр.1 р. Лакавица на Р1103 | 62.315.815,64 |

| | | |
|---|---|---|
| 27 | Систем за ПП заштита и дојава на пожар на придружни објекти и алармен систем на коридор 8 | 1.179.988,00 |
| 28 | Надзор над реконструкција на државен пат Р2133 делница Ропалце - Матејче | 6.950.200,00 |
| 29 | Докомплетирање на градежни работи за изградба на автопат А4, делница Миладиновци – Свети Николе - Штип | 353.671.538,74 |
| 30 | Надзор над поставување бариери за заштита од сообраќајна бучава на државни патишта | 1.108.020,00 |
| 31 | Безалкохолни пијалоци – ДЕЛ 1 | 118.602,00 |
| 32 | Саксиско цвеќе | 1.179.528,00 |
| 33 | GSP уреди за бројачи на возила | 1.415.882,00 |
| 34 | Комунални услуги во времетраење од две години | 11.800.000,00 |
| 35 | Чистење на канавки, риголи, пропусти, берми и кресање на банкини во времетраење од две години | 70.800.000,00 |
| 36 | Одржување на ПП централа, ПП апарати и испитување на громобранска инсталација и заштитно заземјување | 2.908.700,00 |
| 37 | Печатени материјали – парагон билети за патарина | 1.168.200.00 |
| 38 | Надзор на рехабилитации на државни патишта од рамковна спогодба | 17.346.000,00 |
| 39 | Одржување и сервисирање на фотокопири и принтери | 472.000,00 |
| 40 | Опрема за видео надзор во тунели, превои и делници | 4.719.882,00 |
| 41 | Набавка со инсталација на пасивна и активна компјутерска мрежна опрема | 3.529.616,00 |
| 42 | Банкарски услуги во времетраење од три години | 90.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 43 | Независна ревизија на финансиските извештаи за Проектите финансирани од ЕБОР во времетраење од три години | 526.280,00 |
| 44 | Одржување на компјутери и компјутерска опрема | 708.000,00 |
| 45 | Косење на трева, плевел грмушки, кастрење на гранки и сечење на два во патен појас, чистење и собирање смет во времетраење од две години | 70.800.000,00 |
| 46 | Докомплетирање на проектна документација за автопат Кичево - Охрид | 141.149.240,00 |
| 47 | Изнајмување на механизација за потребите на контролен пункт Неготино | 9.204.000,00 |
| 48 | Одржување на автоматски стоп рампи | 1.180.000,00 |
| 49 | Безалкохолни пијалоци– ДЕЛ 2 | 980.480,00 |
| 50 | Изработка на проектна документација за државен пат А3, обиколница на Ресен | 18.077.600,00 |
| 51 | Колективно осигурување на вработените, каско осигурување на возила, осигурување од автоодговорност и осигурување на имот (недвижности и опрема) | 1.200.000,00 |
| 52 | Надзор на одржување на државни патишта во времетраење од три години | 88.500.000,00 |
| 53 | Ролни за фискални печатари | 7.670.000,00 |
| 54 | Изработка на проектна документација за Поставување на сообраќајна сигнализација и опрема на државен пат А3, делница Букково-Охрид | 2.301.000,00 |
| 55 | Компјутери и компјутерска опрема | 12.148.856,00 |
| 56 | Надзор на Градежно санациски работи на мост на Р1204 над река Пчиња (Доброшане) | 6.973.800,00 |
| 57 | Привремени вработувања | 2.360.000,00 |
| 58 | Санација на свлечиште (одрон) на регионалниот пат Р1102, делница Велес – Градско (транзитен дел низ Велес) | 62.441.351,00 |
| 59 | Гориво за службени возила и гориво за агрегати | 3.540.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 60 | Технички преглед и регистрација на моторни возила | 77.498,00 |
| 61 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 471.607,00 |

Врз основа на спроведените постапки за јавни набавки во 2019 година, заклучно со 31.12.2019 година за истите склучени се 61 договор.

Д И Р Е К Т О Р,
Зоран Китанов